УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

# ПОВРЗАНОСТ НА ОСАМЕНОСТА СО ПОЛОТ, СО СОЦИОЕМОЦИОНАЛНОТО ВРЗУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И ЗА ВРСНИЦИТЕ И СО РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ

Изработила:

Радоњиќ Мила

Ментор:

проф. др. Ана Фрицханд

Содржина


ВОВЕД ... 3

**Теоретска позадина на истражувањето** ... 8

Развојни промени во периодот на адолесценција ... 9

Осаменост ... 15

Осаменост кај адолесцентите ... 18

Интраперсонални фактори за осаменост ... 20

Интерперсонални фактори за осаменост ... 21

Социоемоционално врзување во адолесценција ... 22

Социоемоционално врзување за родителите ... 25

Социоемоционално врзување за врсниците ... 27

Родов идентитет ... 29

Релевантни истражувања ... 33

Истражувачки хипотези ... 42

Методологија на истражувањето ... 44

Варијабли во истражувањето ... 44

Мерни инструменти ... 46

Примерок ... 48

Постапка ... 49

**Резултати** ... 51

Проверка на хипотеза 1 ... 51

Проверка на хипотеза 2 ... 55

**Дискусија** ... 60

**Резиме** ... 72

Литература ... 75

**Прилози** ... 86

# ВОВЕД

Периодот на адолесценција е специфичен период од животот, кој се разликува од периодот на детство од една страна и раниот возрасен период од друга страна. Адолесценцијата едноставно се определува како период на бурни промени. Тогаш се случуваат физички, социјални, емоционални промени следени со низа нови потреби, интереси и проблеми. Многу автори овој период го делат на три подпериоди и тоа: рана адолесценција (11-15 години), аредна адолесценција (16-19 години) и доцна адолесценција (20-26 години). Должината на овој развоен период зависи, пред сѐ, од културолошките карактеристики на едно општество како и од неговата организација т.е. должина на траење на школувањето на младиот поединец, воспоставување на работен однос и постигнување на економска и психолошка независност (Santrock, 2001; според APA, 2002). Секој потпериод на адолесценцијата има свои развојни задачи и карактеристики. Така, периодот на рана адолесценција се одликува со бурно биолошко созревање и менување на телесната слика на младиот човек, а исто така, почнува половото созревање како на психички така и на физички план, односно покрај телесни и хормонални промени се јавува интензивно и изразено хетерополово интересирање како и почеток на градење на сексуално однесување.

Во средната адолесценција, адолесцентите се во потрага по возрасни, кои не се нивните родители, посветуваат целосно внимание на луѓе и ситуации надвор од семејството. Поради потребата од одвоеност од родителите, внатрешни (ментални претстави за родителите) и надворешни (прифаќање со резерва на советите од родителите), адолесцентите остануваат во состојба на изолација и осаменост. Во овој период се случува прифаќање или неприфаќање на својата полова (биолошка) припадност т.е. степен на чувство на припаѓање кон едниот или кон другиот пол и прифаќање на родовиот идентитет. Сето ова се случува како резултат на физичкото созревање. Оттука, адолесцентите се впуштаат во родово стереотипни однесувања. Актуелни стануваат релациите со врсниците на сметка на релациите со родителите.

Во периодот на доцна адолесценција од адолесцентот се очекува да го оствари потполното доживување за себе си, да го оформи и зацврсти сопствениот идентитет, да го прифати својот телесен изглед, да се прифати себе си како лице со одреден пол и со дефинирани сексуални интересирања. Исто така, се очекува поединецот да биде свесен за својот однос кон другите, постепено да се одвојува од родителите и да ја разреши својата психолошка врзаност со нив, како и да ја намали својата зависност од групата на врсници, да биде сигурен во своите сознанија и определба кон своите животни цели.

Адолесценцијата претставува развоен период во кој поединецот преминува од зависност од родителите кон независност карактеристична за возрасните. Адолесценцијата е период на вознемиреност, промени и потенцијален растеж. Адолесцентите се соочуваат со тело кое се менува. Напоредно со телесните, се случуваат и промени на когнитивен план. Сетоа тоа прави од адолесценцијата посебен развоен стадиум кој се одликува со посебна ментална и емоционална констелација.

Општо кажано, во адолесценцијата во голема мера е присутно справување со различни конфликти поттикнати од телесните промени. Нелагодноста што ја предизвикуваат тие конфликти адолесцентите почесто ја исфрлаат отколку што ја задржуваат, односно постои склоност повеќе кон понадворешување на внатрешните конфликти, отколку кон нивно разрешување. Понадворешување значи замена на мисли со дела, активности, со што би се намалил внатрешниот конфликт. Карактеристично за пристапот кон тешкотиите на адолесцентот е почесто користење на проективните одбранбени механизми отколку на интроективните. Користејќи ги овие одбрани, адолесцентите настојуваат да ги одбегнат внатрешните конфликти, тие го штитат себството од нешто што би можело да биде вознемирувачко или збунувачко. Неуспехот во воспоставување пријателски и романтични врски, нарушени интимни врски, односно губиток на пријатели или партнер, претставуваат стресни искуства кои се најчеста причина за појава на осаменост во периодот на адолесценција. Поради несоодветни интерперсонални односи исклучиво страдаат оние адолесценти кои чувствуваат

страв од интимност, односно оние поединци кои немаат храброст да ги откриваат своите мисли и чувства.

Секое општество има тенденција да налага пожелни персонални карактеристики и да го прифаќа или отфрла поединецот. Овие „пожелни карактеристики“, варираат од општество до општество. Постојат општества кои прифаќаат разлики и кои одбиваат разлики, општества кои стимулираат промени и раст, и општества кои своето уредување го засноваат врз одржувањето на постојаноста- традиционалноста.

Македонското општество до ден денес е патријахално – традиционално општество, кое особено кај младите луѓе не го стимулира развојот и го осудува бунтот (кој е карактеристичен за овој развоен период, подеднакво за двата пола) и слободното изразување и однесување, претендира класифицирање во пожелни и непожелни групи, што е особено збунувачки и тешко за младиот поединец кој токму во адолесцентиот период ги дооформува својот идентит и сликата за себе. Можеби едни од најголемите стереотипи во општеството се оние кои се врзани токму за полот, неправедно поистоветувајќи го со родот, односно карактеристиките на мажот и жената. Патријархатот по дефиниција е општествена структура карактеризирана со нееднакви права помеѓу мажите и жените, каде жените се систематски обесправувани во речиси сите сфери на животот. На пример, во Македонија е евидентна нивна помала застапеност на раководни позииции. Анализата на податоците од извештајот на Народниот правобранител покажува дека на раководни работни места 3.391 (38,26%) се жени, а 4.169 (47,04%) се мажи, додека на нераководни работни места 27.469 (25,25%) се жени, а 18.594 (17,09%) се мажи, (според публикацијата на здружението Реактор , „Извештај Во Сенка – За имплементацијата на националната стратегија за родова еднаквост во 2015 “). Додека пак од последните податоци на Државниот завод за статистика „Жените и Мажите во Македонија“ и анкетата за работна сила, од вкупното население на возраст од 15 години и повеќе, 39.4% е активно женско население наспроти 60.6% машко население, 40.0% активно вработено женско населние наспроти 60.0% активно вработено машко население, неактивно 63.1% женско население наспроти 36.1% машко население (публикации- http://www.stat.gov.mk/).

Биолошките карактеристики на поединецот налагаат пожелни особини односно, стереотипи. На пример, „Мажите се физички силни", „Мажот мора да заработува и да снабдува за семејството", „Мажот не смее да покаже слабост", „Мажот не смее да се откаже - мора да истрпи машки", „Мажот е носител на одлуките", „Поправањето е машка работа", „Машките смеат да бидат насилни и аресивни, бидејќи се машки", „Мажите можат да носат важни одлуки во општеството, бидејки не се емотивни", - што е варијација на „Мажот не смее да покаже слабост", и сл. Од друга страна, на женскиот пол му се припишуваат речиси сосема спротивни карактеристики, односно кревкост, емоции, понизност и грациозност.. Имено, „Жените се емотивни/плачки" (имаат дозвола да покажат емоции), „Жените се и треба да бидат подобри домаќинки" (теретот на домашната работа е префрлен директно на жените), „Лоша домаќинка е лоша жена/мајка", (квалитетот на жената се мери преку домаќинлукот, наспроти силата на мажот која се мери со непедантноста) – „Маж не е маж ако не замириса", „Успешна жена- лоша мајка/домаќинка", „Добра домаќинка-добра мајка", „Жената мора да изгледа убаво", - мажот може да биде несреден, „Жената треба да е трпелива, а не избувлива" и многу други стереотипни конструкти кои ги создаваат „правилните" машки и женски улоги.

За разлика од пред неколку децении, токму поголемата вклученост на жените на пазарот на труд покренува нови теми за дискусии и ја открива суштината на родовата нееднаквост која е резултат на родовите стереотипи. За жал, наспроти полиберланите трендови во дефинирањеро на родот и родовите улоги, нашите адолесценти покрај семејствата и од општеството ја добиваат пораката дека различните треба да бидат осудени, односно, не можеме да прифатиме поединец од машки пол, кој е емотивен или педантен и хуманистички ориентиран, бидејќи не се поклопува со сликата за „маж", и обратно, амбициозната жена која не ја привлекува семејниот живот, жената која е гласна и борбена- не е добра жена.

Осаменоста која е главен предмет на интерес на овој труд, во нашето општество е „дозволено чувство" за припадничките на женскиот пол и е „забрането чувство" за мажите, бидејќи е знак на слабост и зависност во релациите со другите.

Доколку полот и родовиот идентитет не кореспондираат, поединецот веројатно ќе биде отфрлен од општеството, односно очекувано е кај него да се јави поголемо чувство на осаменост, отколку кај поединците чии полов и родов идентитет се во склад со барањата на општеството (пр. Blashill & Powlishta, 2009; Moss-Racusin, Phelan, & Rudman, 2010; Rochlen et al., 2010 според Fischer & Anderson, 2012). Исто така, адолесцентките имаат дозвола да бидат блиски и со родителите и со врсниците наспроти машките кои треба да се силни и дистанцирани.

Целта на овој труд е да се истражи поврзаноста на чувството на осаменост со полот, социоемоционалното врзување за родителите, социоемоционалното врзување за врсниците и родовиот идентитет кај адолесцентите со цел подобро разбирање на овој период од животот, исполнет со бројни развојни предизвици.

Проблем на ова истражување е:

1. Каква е поврзаноста на полот и родовиот идентитет со чуството на осаменост?

2.Каква е поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и социоемоционалното врзување со врсниците со чуството на осаменост?

## Теоретска позадина на истражувањето

Разбирањето на врската осаменост, социоемоционалното врзување за родителите и за врсниците, полот, и родовиот идентитет кај адолесцентите е мотивот за изработка на овој магистерски труд. Овие теми се релативно застапени како во истражувањата, така и во теоријата. Во обид целосно да се разбере важноста на осаменоста, родовиот идентитет и врските со родителите и врсниците, неминовно е во овој труд да се направи осврт на она што веќе е познато за адолесценцијата и за промените кои адолесцентите ги доживуваат.

Адолесценцијата е развоен период помеѓу детството и возрасната доба, и слободно може да се нарече транзиторна фаза која ги содржи сите елементи на која било „транзиција", каде било во светот. Всушност, станува збор за две транзиции, односно премин од детство во адолесценција ипремин од адолесценција во зрелост. Она што се случува во меѓувреме е она што се нарекува адолесценција, а поединците кои низ тоа поминуваат се нарекуваат адолесценти.

Периодот од детство во адолесценција покрај другото, содржи биолошки, психолошки и социјални промени кои го прават да бидат мошне динамичен. Вооедно, се смета дека на адолесцентите им недостигаат „зрели " вештини за справување со овие промени, и токму затоа е можно да доживеат големо ниво на она што се нарекува „транзиторен/ преоден стрес" (Monetemayor, 1983; според Barrocas, 2006). Транзиторниот стрес, од друга страна, покрај тоа што влијае врз адолесцентот, влијае и врз семејните односи. Доколку во семејство со адолесцент постојат сериозни проблеми, големи се шансите дека адолесцентот во „транзиторната фаза" не е причина за истите (Walsh & Scheinkman, 1993). Сите адолесценти ги доживуваат биолошките, когнитивните и социјалните промени карактеристични за адолесценцијата, но ефектите од истите во никој случај не се универзални. Контекстот, особено релациониот контекст во семејството и надвор од него, е многу важен при детерминирањето на искуството кое адолесцентот ќе го има во оваа фаза (Walsh & Scheinkman, 1993).

## Развојни промени во периодот на адолесценција

Биолошките промени директно влијаат врз промените во физичкиот изглед уште од самиот почеток, забрзаниот раст и развој на телото и сексуалното созревање. Родителите како и професионалците (наставниците, советувачите), мораат да знаат кои промени се нормативни, кои спаѓаат во ран или доцен физички равој, со цел да му помогнат на адолесцентот подобро да се подготви за многубројните промени кои се случуваат во оваа развојна фаза. Иако некогаш се чини дека телата на адолесцентите се менуваат преку ноќ, процесот на сексуална матурација трае со години. Низата на физички промени е предвидлива, но сепак постои голема варијабилност во возраста на која почнуваат овие проблеми и темпото со кое се одвиваат (Kipke, 1999). Како што е познато, повеќе фактори влијаат и врз почетокот и врз темпото со кое овие промени се случуваат, вклучувајќи ги генетските и биолошките фактори, стресните настани во животот, социоекономскиот статус, исхраната и присуството на хронични болести. Забрзаниот раст кој вклучува раст на скелетниот систем кај девојчињата, најчесто почнува помеѓу десеттата и дванаесеттата година, а кај момчињата од 12-та до 14-та година и завршува до 17-та или 19-та за девочињата и 20-та за момчињата (Hofmann & Greydanus, 1997; според APA, 2002). Според достапната литература не е познато колку и како се овие граници поместени, но евидентно е дека постои тренд во последните десет години пубертетот, односно раната адолесценција да започнува многу порано. Постојат наоди од истражувања кои соопштуваат дека особено за девојчињата, пубертетот се случува многу порано, дури овој тренд е забележан и во земјите во развој (APA, 2002).

Независно од возраста на која започнуваат физичките проблеми кои се случуваат во периодот на адолесценцијата, таа е период во кој физичкиот изглед има најголемо значење. Познато е дека, и често се случува момчињата и девојчињата во овој период да поминуваат часови пред огледало грижејќи се за својот изглед, особено за да бидат прифатени од групата со која најмногу се идентификуваат. Поделбите на забрзан и задоцнет развој се нешто на што апсолутно треба да се обрне внимание, бидејќи често се поврзани со проблемите во

однесувањето, вклучувајки ја депресијата и осаменоста, злоупотребата на супстанци и нарушувањата во однесувањето и исхраната. Ова особено се однесува на забрзаниот развој кај девојчињата и задоцнетиот кај момчињата, од причина што тие ги прават поединците различни од нивните врсници, што претставува голем проблем токму кога фокусот е ставен на врсничките релации, нивното формирање и зајакнување (Perry, 2000; според APA, 2002).

Во 80-те и 90-те години, како главен фактор за бурноста на адолесценцијата се сметале биолошките промени од ендокрина природа. Во последнава декада, овој фактор се смета само за еден од повеќето фактори кои адолесценцијата ја прават драматична. Пристапот и кон истражувањата и кон праксата е многу покомплексен и посеопфатен и сѐповеќе се придава значење на интерперсоналните и на интраперсоналните фактори.

Иако раното сексуално созревање предизвикува повеќе и позначајни проблеми за девојчињата отколку за момчињата, за момчињата ризикот за депресија и конфликти со врсниците и родителите како и проблеми на училиште е поголем (Pollack & Shuster, 2000).

Возрасните, вклучувајќи ги и родителите често не се свесни за проблемите на социјално и емоционално ниво кои можат да се јават кај девојчињата заради промените низ кои поминуваат. На пример, постарите момчиња па дури и возрасните често се привлечени од овие „рано созреани“ девојки, кои иако физички почнуваат да личат на жени, им недостасува социјалната и пред сѐ емоционалата зрелост, што ги изложува на висок ризик од несакана бременост и сексуално преносливи болести.

Кон ова се надоврзуваат когнитивните промени кои се случуваат кај адолесцентите. Начинот на кој резонираат и разбираат може да биде и подраматичен поради нивните нагли и брзи физички промени. Од конкретно, црно-бело размислување, еден ден почнуваат да ги гледаат и сивите нијанси. Времено стануваат способни логично да ги анализираат ситуациите од аспект на причина и последица, да поставуваат хипотетички ситуации и да користат симболи, метафори и имагинација (Piaget, 1950; според APA, 2002). Ова повиско ниво на

размислување им овозможува да размислуваат за иднината, да евалуираат алтернативни решенија, и да си поставуваат лични цели. Иако постојат иднивидуални разлики во когнитивниот развој кај адолесцентите, овие нови капацитети им дозволуваат да донесат зрели одлуки по пат на интроспекција, нешто што пред оваа точка во развојот било вон нивните можности. Новите промени вклучуваат, покрај интроспекцијата, ефективно резонирање, решавање на проблеми, апстрактно размислување и рефлексија како и планирање на иднината. Покрај поединецлните разлики во когнитивните капацитети постојат и полови разлики кои слободно можеме да кажеме дека се должат на стереотипите во општеството и потесното опкружување и строгата поделеност на улогите и способностите. На пример, девојчињата се чувствуваат посамоуверено во однос на своите социјални способности, способноста за читање, додека момчињата се посамоуверени во своите атлетски способности и математички вештини (Eccles, Barber, Jozefowicz et al., 1999; според APA, 2002).

Што се однесува до моралниот развој, Пијаже (Piaget, 1932; според Hart & Carlo, 2005) се интересирал за начинот на кој децата размислуваат. Тој смета дека во моралниот развој на човекот постојат две фази, поточно хетерономна и автономна моралност.

Според оваа поделба, моралното расудување на адолесцентите спаѓа во морален релативизам, односно адолесцентите сега веќе со поразвиени когнитивни способности, знаат дека „правилата“ не се донесени од некоја „виша“ сила, туку од самите луѓе. Тие знаат дека самите можат да поставаат свои правила за тоа како ќе се однесуваат. Исто така, знаат да направат разлика помеѓу последица и мотив пред да донесат морален суд (McLeod, 2015). Колберг (според McLeod, 2013), сакајќи да ја прошири теоријата на Пијаже, адолесцентите ги сместува во фазата на конвенционална моралност, во која почнува интернализирањето на моралните стандарди од значајните возрасни кои адолесцентот ги смета за модел на идентификација. Авторитетот е интернализиран и прифатен, но не и преиспитан и расудувањето се заснова врз норми кои припаѓаат на групата со која адолесцентот се идентификува. Оваа фаза ја карактеризираат две подфази: а) Фаза на *добри интерперсонални односи* – поединецпоединецот сака да биде прифатен од другите

како добар, па токму затоа тежнее да се однесува социјлано пожелно и б) Фаза на *одржување со социјален ред*- поединецпоединецот станува свесен за двојните стандарди на општеството, па донесува одлуки почитувајќи ги правилата, со цел да не ги прекрши законите и да го избегне чувството на вина.

Емоционалниот развој во адолесценцијата вклучува воспоставување реалистично и кохерентно чувство на идентитет во контекст на воспоставување релации со другите, справувањето со стрес и менаџирањето емоции (Santrock, 2001; според APA, 2002).

Според Ериксон (Erikson, 1968), во адолесценцијата една од поважните работи е воспоставувањето чувство за сопствен идентитет. Иако е сега прифатено дека формирањето на идентитет ниту почнува, ниту завршува во адолесценцијата, сепак овој развоен период е првиот пат кога поединецот има когнитивен капацитет свесно да одреди кој е, и што го прави единствен. Ерик Ериксон тврдел дека адолесцентадолесцентите со соочуваат со голема криза на идентитетот, „Идентитет наспроти дифузија на идентитетот“, која тој ја смета за еден од стадиумите во психо-социјалниот развој. Успешното разрешување на кризата во овој стадиум доведува до сигурен идентитет, а неуспешното до конфузија на улогата и слабо себство. Клучот во решавањето на кризата лежи во интеракцијата на адолесцентот со другите.

Џејмс Марсија (Marcia, 1966), исто така развоен психолог, опишува слични „задачи“ во адолесценцијата, но наместо да ги опише како стадиуми тој смета дека процесот не е линеарен, туку дека развојните промени зависат од она што се случува во различните домени од животот на адолесцентот, училиштето, релациите со другите луѓе, вредностите, и сл. Според него (Marcia, 1966): До дифузија на идентитетот доаѓа кога адолесцентот нема „избрано“ одереден идентитет. Млад човек кој сеуште нема избрано област на студии, посакувана професија и сл. може да се каже дека поминува низ дифузија на идентитетот, но само во контекст на неговиот професионален идентитет (во други контексти, можно е да има прилично силно себство). Овој таканаречен статус на дифузија на идентитетот може и да не се разреши сè додека некое искуство не предизвика криза. Предодреден идентитет

вклучува преземање, односно перманентно обврзување кон одреден идентитет, без да се земат предвид другите можности. До ова доаѓа кога адолесцентот е присилен од традицијата или од родителите да преземе одреден идентитет. Одложување на идентитетот, подразбира активно истражување со ниско ниво на обврзување кон еден специфичен идентитет. Овој животен период е интересен, возбудлив и потенцијално опасен за еден адолесцент, а често води кон конфликт со родителите и другите авторитети.

Адолесцентите треба да бидат слободни да ги истражат своите можности, но во исто време потребна им е подршка за да можат безбедно да поминат низ оваа фаза. Достигнување на идентитетот ќе се случи тогаш кога аодлесцентот има можност да одбере предходно добро истражен идентитет и силно да се обврзе кон него. Процесот по кој адолесцентот почнува да развива реално чувство за идентитет, вклучува експериментирање со начинот на кој адолесцентот изгледа, звучи и се однесува. Секој адолесцент има специфичен приод кон овие промени и се фокусира на различни домени. Експериментирањето е знак дека адолесцентот се чуствува доволно сигурен за да го истражува непознатото. Адолесцентите кои се навидум посмирени и не испробуваат нови стилови, често се токму оние кои имаат потешкотии со својот идентитет и се чувствуваат несигурно во истражувањето на себе си. Во овој развоен период експериментите се исклучително важни, се разбира во границите на безбедното.

Достигнување на идентитетот ќе се случи тогаш кога адолесцентот има можност да одбере предходно добро истражен идентитет и силно да се обврзе кон него (Marcia, 1966).

Идентитетот вклучува два концепта. Првиот е селф-коцепт, кој претставува збир на верувања што едно лице ги има за себе. Овде се вклучени особини како, (на пример, висок, паметна), вклучени се и улогите и целите (на пример, што некој сака да биде кога ќе порасне и сл.), интереси, вредности и верувања (на пример. религиозни и/или политички). Вториот концепт е самодовербата, која вклучува себеевалуирање на сопствениот селф-концепт.

„Општата“ самодоверба се однесува на тоа колку ни се допаѓа, или колку го одобруваме нашиот селф како целина. „Специфична“ самодоверба се однесува на тоа како се чуствуваме во врска со нашите поединечни делови, со себе како студент, како спортски тип, физичкиот изглед и сл. За секој поединец самодовербата се развива на специфичен начин и постојат многу различни и специфични нејзини делови и насоки во адолесцентиот период (Zimmerman, Copeland, Shope, & Dielman, 1997).

Многу од промените во овој развоен период, влијаат врз развојот на идентитетот и самодовербата. На пример, во овој период повеќето адолесценти можат да направат апстрактна генерализација за својот селф (Keating, 1990).

Физичките промени со кои се соочуваат, исто така, можат силно негативно или позитивно да влијаат, врз самодовербата. Ова е особено важно во раната адолесценција кога физичкиот изглед е на врвот на листата факотри кои ја детерминираат самодовербата, посебно за девојчињата (Harter, 1990). Коментарите од врсниците или родителите, некогаш можат да станат дел од сопственото мислење за себе на адолесцентот (Robinson & Rogstad, 1995).

Процесот по кој адолесцентот почнува да развива реално чувство за идентитет вклучува и експериментирање со начинот на кој адолесцентот изгледа, звучи и се однесува. Секој адолесцент има специфичен приод кон овие промени и се фокусира на различни домени.

Експериментирањето е знак дека адолесцентот се чуствува доволно сигурен за да го истражува непознатото. Адолесцентите кои се навидум посмирени и не испробуваат нови стилови, често се токму оние кои имаат потешкотии со својот идентитет и се чуствуваат несигурно во истражувањето на себеси. Социјалниот развој кај адолесцентите најдобро се разгледува во контекстот во кој се случува, односно е поврзан со врсниците, семејството, училиштето и општеството. За социјалните релации на адолесцентите ќе се зборува повеќе во текстот кој следува.

## Осаменост

Квалитетот на социјалните односи може да резултира со поголемо или помало незадоволство кај секој човек. Социјалните односи кои поединецот го исполнуваат со задоволство, со кои успева да ги задоволи основните социјални потреби и потребите за интимност, го прават исполнет , задоволен и го одредуваат неговото однесување во однос на другите. Саливан (Sullivan, 1953) во својата интерперсонална теорија, ја нагласува потребата за интимност како социјална потреба и тоа во контекст на интерперсоналните односи. Недостатоците во социјалните односи и субјективната реакција на тие недостатоцирезултираат со емоционално доживување кое се нарекува осаменост.

Ова истражување се насочува и го испитува субјективното чувство на осаменост кое може да се поклопи со реалната состојба на осаменост, но може и да се разликува.

Осаменоста често се карактеризира како неудобна состојба, односно, како вознемирувачки копнеж за други лица или лице (Ponzetti, 1990; според Fischer & Anderson., 2012). Таа е сложен феномен и универзално човечко искуство, кое во поголема или помала мера ја доживуваат сите луѓе во некоја од животните периоди. И покрај фактот дека осаменоста е феномен кој често се истражува, сеуште не постои договор во врска со нејзиното одредување.

Пепло и Перлман (Peplau & Perlman, 1982; според Black, 2009) наведуваат три групи дефиниции за осаменоста. Првата група смета дека осаменоста настанува како резултат на дефицит во социјалните односи. Втората група зборува за осаменоста како за субјективно искуство кое се разликува од објективната социјална изолираност, додека третата зборува за осаменоста како за непријатно искуство кое предизвикува болка. Како што може да се забележи, сите три наведени групи на дефиниции не се исклучуваат една со друга. Едната ја нагласува причината за осаменост, другата нејзината природа, додека третата го нагласува нејзиниот хедонистичкиот тон. Во секој случај, сосема е јасно дека осаменоста е непријатно чувство и укажува на незадоволството од социјалните односи.

Постојат бројни дефиниции за осаменост, но во сите се нагласува дека осаменоста е непријатна емоционална и мотивациска состојба која произлегува од неможноста за задоволување на потребите за интимност, љубов и припадност. Осаменоста не е синоним за социјална изолација, затоа што едно лице може да биде само, но не осамено и обратно. Сепак, сигурно е дека едно лице ќе биде осамено кога е социјално изолирано.

Вајс (Weiss, 1973; според Nekić, 2006) истакнува дека осаменоста првенствено зависи од перцепцијата на поединецот дека неговите потреби не се задоволени во односите со другите. Тој идентификувал шест такви потреби (социјални акции): управување, потврдување на сопствените вредности, социјална интеграција, приврзаност, грижа за другите и сигурна поддршка. Секоја врска има специфична функција во однос на придобивките обезбедени од страна на поединецот и како таква не може да се замени со друг вид на врска. Авторот истакнува два вида на осаменост: *социјална* и *емоционална* осаменост. Социјалната осаменост настанува како недостаток на значајни пријателства и заедништва, односно социјална интегрираност, додека емоционалната осаменост е резултат на недостаток на близок приврзан однос.

Според друга дефиниција, осаменоста претставува субјективна непријатна состојба во која што поединецот согледува недостатоци во неговиотсоцијален свет. Таа не се однесува само на отсуство на социјални врски, напротив, и при нивно присуство поединецот може да се чувствува осамено. Некои автори сметаат дека осаменоста е мултидимензионален конструкт и дека може да се одвојат повеќе видови осаменост. Во таа насока, ДиТомасо и Спинер (според Nekić, 2006), сметаат дека од емоционалната осаменост може да се издвојат две субкатегории на осаменост, односно љубовна и семејна осаменост

Социјалната осаменост повеќе се однесува на нејзиниот квантитативен аспект. Станува збор за недоволна вклученост во различни социјални мрежи (пријатели, соседи, колеги, роднини итн.). Социјалната осаменост е мултидимензионална состојба која вклучува емоционална болка, социјален

недостаток, интерперсонална изолација и отуѓеност (Rokach & Brock, 1997; според Carter, 2000).

За разлика од социјалната осаменост, емоционалната осаменост се однесува на недостаток од интимност со пријателите, партнерот или пак со членовите на семејството. Во поделбата на ДиТомасо и Спинер (DiTomasso и Spiner, 1993; според Čubela и Nekić, 2004), осаменоста во доменот на пријателствата е сместена во конструктот на социјална осаменост (показатели на емоционалната осаменост може да бидат чувството на празнина, напуштеност, страв и преголема чувствителност.

Љубовната осаменост се однесува на незадоволство од актуелниот статус во однос на љубовните врски (Čubela i Nekić, 2004). Најчесто овој вид осаменост е резултат на загуба на објектот на приврзаност, односно партнерот, со што всушност се губи и можноста за задоволување на потребата за приврзаност. Социјалната поддршка од пријателите или членовите на семејството не може да го замени интензивниот и близок однос со партнерот. Незадоволството од актуелниот љубовен статус не мора да подразбира само непостоење на љубовна врска, туку може да значи и незадоволство од квалитетот на односот со партнерот.

Семејната осаменост претставува осаменост во однос на семејството, како последица на незадоволството од разни аспекти на семејните односи, од задоволувањето на потребите за припаѓање, поддршка, разбирање и слично (Čubela i Nekić, 2004). Кога станува збор за овој вид осаменост, треба да се имаат предвид развојните карактеристики на поединецот. Така, во адолесценцијата може да се очекува зголемување на осаменоста со оглед на тоа што во тој период адолесцентот борејќи се за своја автономија, се оддалечува од родителите, а понатаму, се очекува повторно воспоставување на емоционална блискост. Тоа е потврдено и од емпириските истражувања на средношколци и студенти, во кои студентите покажале пониски резултати во однос на чувството на семејна осаменост од средношколците (Čubela i Nekić, 2004). Во едно друго истражување (Bogaerts et al., 2006), се истакнува дека за појавата на емоционална осаменост е важен видот на социоемоционална поврзаност.

## Осаменост кај адолесцентите

*„Осаменоста е далеку поприсутна во адолесценцијата, одколку во било која друга возрасна група."*

*- Тим Бренан*

Адолесцентите кои ги идеализираат своите родители, се помалку прифатени од врсниците, односно се перцепирани како непожелни (Kobak & Sceery, 1988). Осаменоста е универзално чувство и како таква е присутна во сите култури, општества и се јавува во сите развојни стадиуми. Таа неминовно се јавува кај секој поединец во текот на животот. Оваа таканаречена универзалност се должи на човековата потреба за припаѓање, која води кон потреба за одржување стабилни социјални врски. Во овој контекст, осаменоста е когнитивна и афективна реакција, кога ваквите врски се загрозени. Во последните 40 години, таа е од интерес кај истражувачите, но осаменоста во детството и адолесценцијата како тема за истражување се јавува цела декада подоцна. Тоа не случајно е така, бидејќи до ден денес, единствен начин за испитување на осаменоста се скалите кои се субјективни, бидејќи се користат инструменти односно скали за самоизвестување. Истражувачите на осаменоста во 50-те години од минатиот век сметале дека децата се пасивни примачи на социјални дразби и дека не се способни да доживеат осаменост, иако денес се знае дека дури и новороденчињата поседуваат големи перцептивни и когнитивни способности (Mandler, 1990). Ваквите верувања веројатно го одложиле истражувањето на осамноста кај децата.

Саливан (Sullivan, 1953), предложил дека осаменоста се јавува во пред-адолесцентниот период, во случај кога адолесцентот не успева да воспостави блиска врска со врсник од истиот пол. Слично како Саливан, Вајс (Weiss, 1973), потенцирал дека осаменоста може да се јави најрано во периодот на адолесценција, периодот

кога поединецот се обидува да воспостави нови врски, покрај оние со родителите. Друг предизвик на истражувачите на осаменоста во периодот на адолесценцијата, е тоа што, како и децата, адолесцентите имаат ограничени лингвистички способности и тие својата состојба ја изразуваат на поразличен начин од возрасните. Токму како што рекол Вајс (Weiss, 1973), еден од главните предизвици и фактори на стрес, е токму потребата да се создадат нови врски со врсниците, особено во преодот од основно училиште, до средно, и од средно до факултет. Иако блиските врски со врсниците се значајни во секој развоен период, особено е важно да се истражи нивното влијание врз осаменоста во периодот на адолесценцијата.

Адолесценцијата се карактеризира со многу социјални промени и социјални очекувања, улоги, врски, идентитети и сл., кои можат да ја зголемат веројатноста дека осаменоста ќе се појави (Rubin, Bukowski, Parker & Bowker, 2008). Токму заради овие промени може да се очекува дека осаменоста во раната адолесценцијата го достигнува врвот, како што воочиле Хенрих и Гулоне (Henrich & Gullone, 2006). Адолесцентите се групираат во групи и припаѓањето на таква група станува особено важно, како и до- оформувањето на личниот идентитет. Во раната адолесценција доминираат потребите за престиж и социјален статус, како и доминација во групата. Додека пак во средната адолесценција се јавува потребата за дијадни врски, и тогаш токму отсуството на истите е извор на фрустрација и можност кај поединецот да се јави осаменост. Во доцната адолесценција голема е потребата за блиски и интимни врски, преку кои ќе дојде до размена на чувства, идеи и вредности.

## Интраперсонални фактори за осаменост

Мал дел од истражувањата ја поврзуваат осаменоста со интраперсонални фактори, како, на пример, самиот карактер. Пепло и Перлман (Peplau & Perlman, 1982) дале три можни објаснувања како нечив карактер може да влијае врз осаменоста. Може да ја редуцира социјалната привлечност, може да влијае врз нечие интеракциско однесување и врз реакциите на поединецот при социјални промени. Овие три хипотези заедно претпоставуваат дека карактерот влијае врз формирањето и одржувањето на задоволувачки врски, кои, пак, влијаат врз осаменоста. Иако повеќето карактерни црти не добиле доволно внимание во истражувањето на осаменоста, срамежливоста која се смета за специфичен аспект од нечија личност, е во повеќе наврати докажана како предиктор за осаменоста. Срамежливоста е перцепирана како непривлечна особина, најчесто резултира со ниско социјално прифаќање од врсниците, а може дури и да биде предиктор за виктимизација од врсниците, која неминовно води кон поголема осаменост.

Друга често асоцирана интраперсонална особина со осаменоста е справувањето со стрес, односно когнитивните и бихејвиоралните стратегии за справување со притисоци и емоции како резултат на нелагодност. Истражувањата покажале дека децата, адолесцентите и возрасните на различни начини се прилагодуваат на стресот.

## Интерперсонални фактори за осаменост

Социјалното прифаќање е веројатно најистражуваното искуство кај децата и адолесцентите во корелација со осаменоста. Истражувањата посочуваат дека оние адолесценти кои се неприфатени од врсниците доживуваат поголема осаменост во споредба со добро прифатените. Но не сите неприфатени лица страдаат од осаменост. На пример децата кои биле отрфлени затоа што се сумбисивни ќе бидат поосамени од оние кои биле отфрлени затоа што се агресивни (Parker & Asher, 1993). Од друга страна отрфлените деца кои имаат барем еден пријател ќе бидат помалку осамени (Parker & Asher, 1993).

Виктимизацијата е, исто така, силен предиктор на осамноста во детството и адолесценцијата (Eslea et al., 2004). Виктимизацијата е дефинирана како намерно повредувачко однесување кое се повторува, и е насочено кон жртвата, а е направено од лице со позиција на моќ. За жртвата на виктимизацијата, самиот чин е прилично стресен и интрузивен и води до форми на неприлагодување и осаменост.

Со оглед на тоа што фокусот во средната адолесценција е кон дијадните врски, важно е да се испитаат истите во овој период од развојот. Неколку истражувања имаат покажано дека одредени карактеристики на пријателството можат да ја ублажат осаменоста. Спротивно, поосамените поединци имаат помалку пријатели воопшто и помалку блиски пријатели, нивните пријателства имаат послаба стабилност и интензитет и тие своите пријатели ги сметаат за различни од себе (Kingery, Erdley & Marshall, 2011). Истражувачите ја потенцираат потербата да се истражи квалитетот на пријателство во контекст на пријателството како амортизер на осаменоста. Взаемното пријателство ги штити адолесцентите од осаменост, особено кога неговиот квалитет е висок (Vanhalst, Klimstra, Luyckx, Scholte, Engels, & Goossens, 2012).

## Социоемоционално врзување во адолесценција

Теоријата на социоемоционалното врзување генерално се фокусира на раното детство, бидејќи е познато дека тоа е периодот кога се оформуваат овие врски и се формираат обрасците. Мал е бројот на истражувања кои го испитувале социоемоционалното врзување помеѓу адолесцентите и родителите и неговото влијание врз понатамошниот развој на поединецот. Според Аплгејт и Шапиро (Applegate & Shapiro, 2005),токму адолесценцијата е периодот во кој може да се консолидира процесот на сепарација-индивидуација од раното детство. Адолесцентите можат да интегрираат повеќе релациони искуства со цел да создадат погенерален став кон идните врзувања (Hesse & Main, 2000). Блос (Blos, 1967), адолесценцијата ја нарекол втор период на сепарација и индивидуација, додека првиот е втората година во животот. Оваа паралела е клучна за да се разбере важноста на социоемоционалното врзување во адолесценцијата. На адолесцентите покрај автономијата, потребни им се силни врски со родителите. Силните врски со родителите во периодот на адолесценција им се потребни не само за да ги достигнат развојните задачи карактеристични за овој период, туку и да постигнат оптимално ниво на добросостојба (Domagala-Zysk, 2006).

Квалитетни релации родител-дете во текот на адолесценцијата се поврзуваат со позитивно семејно функционирање кое подразбира споделување на чувства, поддршка во кризни моменти, активно слушање, охрабрување на децата да поставуваат прашања или да бараат помош кога им е потребна и слично (Boone & Lefkowitz, 2007).

Адолесцентите кои се сигурно врзани е поверојатно дека ќе бараат позитивен фидбек и дека ќе го прифатат за разлика од оние кои не се сигурно врзани (Dykas & Cassidy, 2007). Сигурно врзаните адолесценти тежнеат да ги запомнат интеракциите, дури и оние негативните со нивните родители и со тек на време ќе развијат генерално позитивни чуства за односот со нив. Додека пак несигурно

врзаните адолесценти, значително помалку паметат работи од детството и генерално имаат негативно чувство за интеркацијата со родителите од тој период од детството (Dykas & Cassidy, 2007).

Според Ригби, Сли и Мартин (Rigby, Slee, & Martin, 2007), постои изобилство докази за значајноста на поврзаноста помеѓу релативно влошеното ментално здравје и несоодветните врски со родителите, рефлектирано и од перцепираната слаба родителска грижа и перцепираната авторитарност кај родителите. Адолесцентите кои имаат сигурни внатрешни модели на врзување покажуваат поотворено и пофлексибилно процесирање на социјални информации и за разлика од нивните врсници кои имаат несигурни модели на врзување, не тежнеат да ги потиснат релевантните лоши случувања од детството (Dykas & Cassidy, 2007, стр. 50).

Поголема е веројатноста дека сигурно приврзаните адолесценти ќе имаат позитивна перцепција за своето семејство, врсниците и другите луѓе, отколку несигурно приврзаните. Причината за оваа разлика е тоа што, сигурно приврзаните можат да генерализираат информации од примарното врзување и со тоа имаат попозитивна перцепција на сите идни врски и интеракции во текот на животот (Dykas & Cassidy, 2007). Ова не значи дека за сигурно приврзаните адолесценти, овој развоен период не носи турбуленции. Со самото поминување низ оваа развојна фаза, се зголемува нивната тенденција на потценување на родителите и оддалечување од нив и секако, неминовно е да ги перципираат своите родители како поодбивни од порано (Ammaniti, van IJzendoorn, Speranza, & Tambelli, 2000).

Во едно истражување во кое учествувале 17 годишни адолесценти, 75 % од испитаниците ги преферирале врсниците на сметка на родителите во однос на блискост и анксиозност при одвојување. Исто така, ги преферирале и како сигурна база (Hazan, Hutt, Sturgeon, & Bricker, 1991, според Allen & Manning, 2007). Во оваа развојна фаза почнува потрагата по партнерство со врсник. Ова партнерство вклучува социоемоционално врзување, репродукција, нега и заштита. Помалку важни релации во овој период се формираат со наставниците, роднините, другите пријатели и сл. Овие врски на адолесцентот му помагаат да изменацира

емоционални ситуации и можат да бидат кратки или долготрајни. Ваквите врски, иако помалку важни, ги имаат истите елементи како првите социемоционални врски со родителите, односно се нивно повторно градење (Allen & Manning, 2007).

Според теоријата на Ејнсворт (Ainsworth, 1989; според Allen & Manning, 2007), сите идни релации се под влијание на основната, прва релација односно првото социоемоционално врзување. Важно е да се признае и важноста на хормоните, неврофизиологијата и когницијата како фактори кои влијаат врз социомоционалното врзување исто како и социоемоционалното искутво Адолесцентите во односот со родителите можат да станат и непослушни или бутновни, бидејќи покрај потребата да имаат блиска релација, се јавува и потребата да имаат контрола и моќ во односите со другите, вклучувајќи ги и родителите. Оваа моќ се обидуваат да им ја демонстираат на родителите со тоа што формираат нови врски (Allen & Manning, 2007).

Дали блиските емоционални врски со родителите и врсниците имаат слична фукнција за адолесцентите во однос на нивната подобра прилагодливост, во последно време е тема на интерес. Во едно истражување кое ја испитува релацијата помеѓу социоемоционалното врзување со родителите и врсниците и прилагодувањето кај адолесцентите спроведено на 89 адолесценти со просечна возраст од 16 години, испитаниците пополниле скала за самоизвестување за социоемоционално врзување со родители и врсници, сочувство, академска ефикасност, агресија, анксиозност и депресија. Испитаниците биле поделени во 4 групи според  скоровите за социоемоционално врзување со родителите и со врсниците: сигурно врзани и со родителите и со врсниците, несигурно врзани и со родителите и со врсниците, сигурно врзани со родителите, а несигурно со врсниците и несигурно врзани со родителите, а сигурно со врсниците.

По спроведената дискриминантна функционална анализа, резултатите укажале дека социоемоционалното врзување со родителите и со врсниците има слична функција за прилагодливоста кај адолесцентите. Најдобро прилагодени (најмалку агресивни, најмалку депресивни) биле адолесцентите со сигурно врзување и со родителите и со врсниците, а најлошо прилагодени  биле

адолесцентите кои биле несигурно врзани и со родителите и со врсниците. Понатаму, оние испитаници кои биле сигурно врзани за врсниците, но несигурно за родителите биле подобро прилагодени од оние кои биле сигурно врзани со родителите, а несигурно со врсниците. Овие наоди укажуваат дека влијанието на врсниците во периодот на средната адолесценција е малку позначајно од она на родителите (Laible, Carlo, & Raffaelli, 2000).

### Социоемоционално врзување за родителите

Според Ејнсворт и Болби (Ainsworth, 1973; Bowlby, 1969) социоемоционалното врзување е длабока и долготрајна врска која поврзува едно лице со друго, во одредено време и простор. Социоемоционалното врзување не мора да биде реципрочно, односно едно лице може да е врзано за друго лице, но не и обратно. Социоемоционалното врзување се карактеризира со специфични однесувања кај децата, како на пример, барањето блискост со објектот на врзување кога се вознемирени или исплашени (Bowlby, 1969).

Социоемоционално врзување на родителите кон децата подразбира соодветен одговор на потребите на детето. Вакви однесувања се универзални и застапени во сите култури. Теоријата на социоемоционално врзување дава објаснување за тоа како релацијата дете-родител се пројавува и влијае врз подоцнежниот развој.

Во психологијата, теоријата на социоемоционално врзување потекнува од работата на Џон Болби (Bowlby, 1958). Неговата работа со емотивно растроени деца во триесетите години го оформила неговото верување дека постои поврзаност помеѓу раното одвојување од мајката и неадаптибилноста на детето понатаму во развојот. Овие искуства му помогнале да ја оформи теоријата на социоемоционално врзување.

Болби (Bowlby, 1969) социемоционалното врзување го дефинира како „ трајна психолошка поврзаност помеѓу човечки суштества“ (стр.194).Истиот автор (Bowlby, 1958), предлага дека социоемоционалното врзување може да биде разбрано во развоен контекст, во кој негувателот на детето му дава сигурност и

безбедност. Оваа релација има адаптивна улога, бидејќи на детето му служи како алатка за преживување. Според него, децата имаат универзална потреба да бараат блискост со лицето што се грижи за нив, кога се под стрес или под некаква закана.

Досега од предложените теории на социоемоционално врзуавање, се издвојуваат две концептуално различни гледишта. Бихејвиористичката теорија на Долард и Милер (Dollard & Miller, 1950) предлага дека социоемоционалното врзување е збир на научени однесувања. Основата на учењето е снабдувањето храна. Доенчето ќе се врзе за оној кој ќе го храни, ќе научи негувателот да го асоцира со чувство на удобност, ситост и по пат на класично условување, ќе бара утеха во негувателот, најчесто мајката. Бихејвиористите, исто така, сметаат дека одредени однесувања како, на пример, плачењето и смеењето, служат како алатки за посакувани одговори од другите, како на пример, внимание, удбност и утеха. Според процесот на оперантно условување, тие учат да ги повторуваат овие однесувања за да го добијат тоа што го сакаат.

Еволуциските и развојните теории на социоемоционалното врзување на Болби и Харлов (Bowlby, 1969; Harlow, 1958) предлагаат дека децата доаѓаат на овој свет биолошки програмирани да оформат социоемоционални врски со другите, бидејќи тоа е начин да опстанат. Доенчето продуцира вродени, т.е. природни однесувања кои се социјални како, на пример, плачење и смеење и кои стимулираат исто така вродени т.е. природни одговори од негувателот. Определувач на врзувањето не е храната, туку негата и респонсивност, односно реактивноста.

Болби (Bowlby, 1958) предлага дека детето првично оформува една примарна врска која има функција на сигурносна база, преку која ќе го испитува светот. Таа примарна врска е прототип на сите идни социјални релации кои детето ќе ги има, што значи дека нејзино прекинување ќе резултира со сериозни последици. Оваа теорија налага и критичен период за развој на врзувањето (од раѓањето до 5-та година од животот). Доколку во овој период не се развие никаква врска, на развојот на детето ќе се одразат ненадоместливи последици, како што се ограничена интелигенција и зголемена агресивност.

## Социоемоционално врзување за врсниците

Во текот на развојот децата создаваат емоционални врски и со други лица покрај родителите. Социоемоционалната врска помеѓу детето и родителот влијае врз социјалниот развој на детето, односно врз понатамошните врски со врсниците.

Според Хазан и Цајфман (Hazan & Zeifman, 1999), децата мораат да создадат врски и со други лица. Како тече развојот на детето, во даден момент врсниците стануваат екстремно важни објекти на врзување. Овие релации, се разликуваат од оние со родителите. Во овој период децата наместо поголем дел од времето да го поминуваат со родителите, го поминуваат со врсниците (Collins & Repinsky, 1994). Кернс (Kerns, 1994) смета дека овие врски му овозможуваат на детето да ја истражи независноста од родителите. Никерсон и Нагл (Nickerson & Nagle, 2005), велат дека во кризни моменти, адолесцентите бараат блискост и утеха од врсниците повеќе отколку во другите развојни периоди.

Социоемоционалните врски со врсниците се важни бидејќи се случуваат во различни контексти од домашниот и овозможуваат понатамошен социјален равој. Во адолесцентниот период, кога децата бараат независност од своите родители за да го истражат светот самостојно, се вртат кон врсниците, и релациите со нив стануваат централни. Ова поместување на фокусот кон врсничките релации може да се должи на новите социјални потреби кои се јавуваат токму во овој период, и никако не можат да бидат задоволени во рамки на врската родител-дете. Ова секако не го намалува влијанието на оваа врска, едноставно ја потенцира важноста на врсничките релации во адолесцентниот период (Youniss & Smollar, 1985). Болби (Bowlby, 1969), исто така,смета дека во овој развоен период врската родител-дете ослабнува и дека поголема важност имаат односите со врсниците.

Истражувањата и праксата покажуваат дека социоемоционалното врзување за врсниците корелира со чувството на припадност во врсничките релации (пр. Elicker, Englund, & Sroufe, 1992), со популарноста (пр. DeMulder, Denham, Schmidt, & Mitchell, 2000), со агресивноста (пр. Cohn, 1990; DeMulder et al., 2000), со

себепочитувањето (пр. Armsden & Greenberg, 1987) и со појавата на депресија во адолесцентниот период (пр. Raja, McGee, & Stanton, 1992), што ја зголемува веројатноста да постои поврзаност помеѓу социоемоционалното врзување со врсниците и осаменоста.

## Родов идентитет

Во последните неколку години, прашањата поврзани со родот станаа модерни во дебатите и во научните истражувања, со што конфузијата поврзана со термините *пол* и *род* е значајно намалена. Во социологијата, овие термини јасно се разликуваат и се однесуваат на две области сосема различни по содржина.

Родот се однесува на социјалните, културолошките и психолошките карактеристики поврзани со мажите и жените во даден социјален контекст. Полот нè прави маж или жена, родот нè прави женствени или мажествени. Процесот преку кој децата стекнуваат вредности, мотиви и учат однесувања кои се сметаат за соодветни за мажи или за жени во една култура се нарекува родово типизирање. Децата развиваат верувања поврзани за родот, кои се засноваат врз родовите стереотипи и подоцна се рефлектираат во родовите улоги. Децата присвојуваат родов идентитет во раните фази од животот, и развиваат преференции согласно усвоениот родов идентитет.

Постојат четири принципи кои нудат психолошко објаснување на родово поврзаното однесување: Фројдовата теорија - процеси на идентификација (според Taylor & Hall, 1982), теорија на когнитивно социјално учење, родова-шема теорија, и Колберговата теорија на когнитивен развој (според Taylor & Hall, 1982).

Психодинамската теорија за развојот на родот (според Ahmed, 2012) предлага дека родовиот идентитет и улога се стекнуваат во третата фаза на психосексуалниот развој, односно во фалусната фаза. Пред тоа, во оралната и аналната фаза детето нема развиено родов идентитет и неговите сексуални нагони немаат одредена насока. Одкако детето ќе влезе во фалусната фаза, фокусот на либидото се движи кон гениталиите и развојот се одвива кон момче или девојче. Момчињата посакувајќи ја мајката дознаваат дека ривалот таткото е она што треба да бидат, и така ги интернализираат неговите карактеристики. Така, тие стануваат дел од супер егото на момчињата со што го прифаќаат машкиот родов идентитет. Кај девојчињата е обратно, тие за да „го освојат“ таткото посакуваат да бидат како мајката и го преземаат женскиот родов идентитет.

Според теоријата на социјално учење (според Taylor& Hall, 1982), децата ги прифаќаат и практицираат оние однесувања кои во нивното искуство се поддржани од родителите, врсниците, медиумите, училиштето и сл., а ги напуштаат оние после кои следи казна од истите фактори.

Когнитивни фактори во детското разбирање на родот и родовите стереотипи, може да придонесат кон нивното усвојување на родовите улоги. Два когнитивни пристапа кон родовото типизирање го опфаќаат периодот кога децата примаат различни видови родово сензитивни информации и како тие информации ги модифицираат родовите активности и однесувања. Колберговата теорија на три стадиуми, когнитивно развојна теорија на родово типизирање предлага дека децата почнуваат да се категоризираат себеси како машки или женски, и потоа добиваат награди за родово конзистентно однесување. За да дојде до чувството на награда, мора да развијат родов идентитет, родова стабилност и родова конзистентност (според Taylor & Hall, 1982).

Теоријата на родова шема посочува дека децата развиваат наивни ментални шеми кои им помагаат да ги организираат своите искуства на начин на кој ќе знаат како да ги интерпретираат новите информации. Според оваа теорија, треба да се очекуваат индивидуални разлики во тоа какви родови шеми ќе усвојат децата (Bem, 1981).

Разликата во овие две теории е тоа што според когнитивно-развојната теорија до 6 годишна возраст не би требало да се забележи родово типизирано однесување, односно сè додека родовата константност не е постигната. Но, родово типизираните играчки и преференцијата на родово типизирани активности, се забележуваат на многу помала возраст. Овие наоди предлагаат дека поврзаноста помеѓу прифаќањето на одредени родови концепти и однесувања варира зависно од родовото разбирање и видот на однесување.

До седумдесеттите години бихејвиористите (според Constantinopole, 1973),, сметале дека родовата припадност е исклучива односно поединецот може да биде или мажествен или женствена. Маскулиноста и фемининоста се сметале за два краја на еднодимензионална родова скала. Во овој конктекст, психолошкото

прилагодување се сметало поврзано со тоа како поединецот се вклопува во едниот или во другиот род, зависно од полот на кој припаѓа. Со други зборови, оптималното психолошко здравје, вака гледано, налага лицата од машки пол да бидат што е можно помаженствени, а лицата од женскиот пол да бидат женствени.

Во раните 70- ти ова гледање било предизвикано од Ен Константинопол, таа го предизвикала ова гледање (Constantinopole, 1973) во една нејзина статија, во која таа тврди дека маскулиноста и фемининоста не се два пола на една скала, туку се две диемнзии на кои поединецот може да биде мерен. Односно, еден поединец може да има висок или низок скор на маскулиност, и висок и низок скор на фемининост во исто време. Денес, ваков концепт не е странн, но во 70-тите бил револуционерен.

Овој дводимензионален концепт за родот го прифатила Сандра Бем. Таа го довела во прашање тврдењето дека психолошки здрава личност е онаа која прифатила родова улога согласно биолошкиот пол. Предлага дека балансирана личност, која успева да ги инкорпорира и феминините и маскулините однесувања може да биде посреќна и подобро прилагодена од некој кој е строго маскулинизиран или феминизиран, согласно биолошкиот пол. Родовиот идентитет терминолошки и суштински се разликува од родовата улога. Родовиот идентитет претставува  субјективно чувство за себе како маж, жена или трансродово лице. Родовиот идентитет и полот не мора да се усогласени (American Psychological Association, 2002).

Родовата улога, од друга страна, е експресијата, односно активности, очекувања и однесувања кои им се наметнати на мажите и жените од општеството. Во нашето општество прифатени и најраспространети се две родови улоги: маскулина родова улога (стереотипни машки атрибути) и феминина родова улога (стереотипни женски атрибути).

Овие два термина се концептуално поврзани бидејќи родовата улога е рефлексија на родовиот идентитет. На пример, доколку едно лице себеси се доживува како маж и за себе зборува како да е маж, неговиот идентитет е машки, додека пак неговата родова улога е машка односно маскулина само ако

демонстрира типично машки карактеристики во своето однесување, облекување и манири онака како што општеството ги прифатило. Кај поголем дел од луѓето родовиот идентитет и родовата улога се совпаѓаат. Проценката на ова совпаѓање или препознавање на варијации е важна за развојот на детето. Исто така, важно е да се напомене дека културните разлики постојат во изразувањето на родовата улога на поединецот во одредени општества. Нијанси во прифатените норми на родот, исто така, може да играат некоја улога во различното дефинирање на родовиот идентитет.

Концептуализација на маскулиноста и фемининоста, како и нивното мерење, потекнува од работата на Луис Терман и Кетрин Кокс Мајлс (Terman & Miles, 1936). Овие автори конструирале тест со 455 ајтеми кој детектира маскулиност и фемининост и го нарекле Тест за анализа на ставови и интересирања (Attitude Interest Analysis Test - AIST), за да ја сокријат неговата цел од испитаниците. Тестот се состоел од асоцијации на зборови, тврдења за интерес, тврдења за интроверзија и екстроверзија и сл. Во одоговорите имало полова разлика, одношно машките испитаници имале повеќе поени за маскулиност додека женските испитаници имале повеќе поени за фемининост. Оваа скала за маскулиност и фемининост станала модел за скали во наредните три декади. Скалите кои потоа се развиени претпоставувале четири работи: маскулиноста и фемининоста се длабоко вкоренети, трајни карактеристики на луѓето; овие карактеристики не се лесно забележливи од очигледното однесување; поврзани се со менталното здравје, односно недоследноста во полот и фемининоста/маскулиноста сигнализира за проблеми со психолошката адаптација и последната претпоставка, фемининоста и маскулиноста се спротивни краеви на еден континум (Morawski, 1987; според Stets & Burke, 2003).

## Релевантни истражувања

Иако има неколку истражувања кои испитувале дали постојат полови разлики во чувството на осаменоста (пр. Borys & Perlman, 1985; Mahon et al., 2006), сеуште не е јасно дали постојат полови разлики и доколу постојат дали момчињата или девојчињата се чувствуваат поосамени (Weeks & Asher, 2012).

Евидентно, инструментот кој се користи може да влијае врз тоа дали ќе се најдат разлики и во која насока. Кога тврдењата на инструментот директно се однесуваат на осаменоста, момчињата покажуваат помала осаменост, за разлика од девојчињата кои покажуваат поголема. Обратно, кога тврдењата не се однесуваат директно на осаменоста, момчињата покажуваат поголемо присуство, за разлика од девојчињата кои покажувата помало (пр. Borys & Perlman, 1985) Поголем дел од истражувањата не покажале значајни родови разлики во осаменоста (Weeks & Asher, 2012).

И покрај широката употреба на УКЛА прашалникот, современите автори се сомневаат во валидноста на ваквите скали кои индиректно ја мерат осаменоста. Токму затоа поновите истражувања го акцентираат разликувањето на емоционалното доживување на осаменоста и хипотетичките причини за осаменот (Weeks & Asher, 2012). Викс и Ашер, сметаат дека скалите кои ја мерат осаменоста, дури и кај адолесцентите треба директно да се однесуваат на неа. Овој нивен став резултирал со прашалникот за осаменоста во одреден контекст - Loneliness in Context (Weeks & Asher, 2012). Ајтемите на овој прашалник директно прашуваат дали адолесцентот се чуствува осамено, во различни социјални ситуации.

Еднодимензионалните и мултидимензионалните скали високо корелираат едни со други, во одредени контексти како, на пример, кога се зададени на адолесценти. Без разлика дали тврдењата директно прашуваат за осаменоста во релациите со адолесцентите или индиректно, тоа е контекстот во кој адолесцентите размислуваат и согласно со тоа одговараат на прашањата (Steinberg & Morris, 2001).

Критика на теоријата на Вајс, за тоа дека фрекфенцијата на социјални контакти го одредува степенот на осаменоста, дала Рук (Rook, 1984). Рук сметала дека не е фрекфенцијата на социјални контакти предиктор на осаменоста, туку когнитивниот процес кој одредува дали поединецот ќе се чувствува осамено или не. Од овој аспект, скалите за осаменост треба да бидат проширени со тоа што дел од тврдењата ќе се однесуваат на тоа како поединецот се доживува себеси.

Во своето истражување Кениг, Ајсакс и Шварц (Koenig, Isaacs, & Schwartz, 1994) ги одредуваат депресијата и осаменоста како два карактеристични проблеми во адолесценцијата. Иако почнувајки во адолесценцијата, девојчињата два пати повеќе искусуваат депресија од момчињата, а бидејќи депресијата и осаменоста се високо корелирани, изненадувачки е фактот што според нивните сознанија девојчињата не се поосамени од момчињата. Според нивните наоди, кога ќе дојдат до израз родовите разлики, момчињата се оние кои се поосамени. Испитале две можни објаснувања за овој парадокс: родово специфична разлика во одговорите, карактеризирана како негирање на емоционалната болка кај момчињата која различно ги засега изјавите за депресија наспроти осаменост, и родовите разлики во поврзаноста на депресијата и осаменоста, каде што депресијата има поголема поврзаност со осаменоста за момчињата одколку за девојчињата. Резултатите посочуваат валидност и на двете испитани објаснувања, иако не постоеле родови разлики во осаменоста помеѓу многу депресивните и недепресивните, умерено осамените момчиња биле значајно поосамени од умерено депресивните девојчиња и еднакво осамени како многу депресивните момчиња. Оваа разлика во депресивноста и осаменоста кај умерено депресивните девојчиња можеби е потенцирана заради големата стапка на депресивност кај девојчињата во овој примерок (65%), умерено депресивни девојчиња и разликите во начинот на справување со чуствата на депресивност и осаменост, односно девојчињата многу почесто зборуваат со своите пријатели, за разлика од момчињата.

Во друга студија (Mahon, Yarcheski, A & Yarcheski, J., T. 1994) спроведена на 113 испитаници во рана адолеценција, 106 во средна адолеценција и 106 во доцна адолесценција, не покажале значајни разлики во однос на социјалната поддршка низ трите периода од адолесценцијата, додека пак пронашле статистички значајни

разлики помеѓу девојчињата и момчињата во однос на социјалната поддршка, и не пронашле родови разлики во осаменоста. Целта на ова истражување била да се испита перцепирната социјална поддршка и осаменост во трите периоди на адолесценцијата детерминирани од возраста и полот.

Како што може да се забележи по прегледот на достапната литература релевантни истражувња, добивани се контрадикторни резултати во однос на родовите разлики во осаменоста.

Во еден труд на Борис и Перлман (Borys & Perlman, 1985) направена е класификација на 39 постоечки истражувања поделени зависно од тоа дали за мерење на осаменоста ја користеле UCLA скалата (такви биле вкупно 28), или некоја друга мерка за самопроценка на осаменоста (останатите 11). Ваквата поделба покажала јасен образец. Имено, статистички значајни разлики во однос на полот најчесто не се најдени доколку се користи UCLA скалата, но во случаи кога ваквите разлики биле најдени, испитаниците од машки пол најчесто имале повисок prosecen скор на осаменост. Додека, пак, кога се користени другите мерки за осаменост, испитаниците од женски пол почесто признавале дека се чувствуваат осамени, од испитаниците од машки пол. Значењето на родовите улоги е главен фактор за ваквата појава и контрадикторните резултати во однос на разликите во осаменоста помеѓу машките и женските, односно стереотипноста на улогите маж и жена. За да се испита оваа хипотеза спроведен е експеримент. На 117 испитаници им е покажана истата студија на случај за осамен поединец, манипулирано е само со полот на поединецот опишан во студијата. Испитаниците покажувале поголема одбивност доколку студијата била за осамен маж, отколку за осамена жена. Со оваа студија авторите се обиделе и успеале само да го потврдат гледиштето дека на лицата од женски пол им е полесно да ја признаат и искажат осаменосат, бидејќи општеството полесно ја прифаќа осаменоста кај жените, односно негативните последици се помали.

Уште една студија објавена во 1998 (Cramer & Neyedley, 1998) ја проценува големината на половите разлики во осаменоста во однос на влијанието на две варијабли, маскулиност и фемининост. Во процесот учествувале 256 испитаници,

кои ги пополниле UCLA скалата за осаменост и Bem Sex Role инвентарот. Иако првично не се покажале полови разлики, односно испитаниците од машки пол биле поосамени од испитаниците од женски пол, откако на скоровите за осаменост билдодаден и родовиот идентитет на испитаниците, добиени се значајни разлики, односно маскулините испитаници биле поосамени од феминините. Ваквите резултати ја поддржуваат хипотезата декаиспитаниците од машки пол не се подготвени да ги признаат своите чувства на осаменост. Маскулиноста како родов идентитет кај испитаниците ја прикрива постоечката разлика во осаменоста кај машките и женските, бидејќи на поединците со високо изразени маскулини црти им е потешко да ја признаат и покажат својата слабост. Затоа авторите на оваа студија даваат препорака во понатамошните истражувања на разликите во осаменоста да се користат инструменти и за проценка на родовата улога.

Може да се спомене и едно истражување на Медвед (Medved, 2011) чија цел била да ги истражи разликите во осаменоста во однос на полот и возраста на предадолесцентите и адолесцентите во рана адолесценција, како и поврзаноста помеѓу осаменоста и неколку други индикатори за социјалните релации. Примерокот се состоел од 188 испитаници во основно училиште од петто до осмо одделение на кои им биле зададени прашалници за осаменост (UCLA scale), Intimate Friendship Scale, Multidimensional Scale of Perceived Social Support, и социометриски прашалник. Резултатите покажале релативно ниски скорови на осаменост за примерокот, со тоа што момчињата биле значајно поосамени од девојчињата. Кај девојчињата поосамени биле постарите испитанички, додека кај момчињата обратно, помладите испитаници имале повисок скор на осаменост. Индикаторите за социјалните релации не покажале значајни разлики помеѓу момчињата и девојчињата во однос на осаменоста. Полови разлики се добиени во однос на социјалниот статус, односно поосамените девојчиња имале понизок социјален статус, додека пак момчињата кои имале подобар социјален статус биле помалку осамени (Medved, 2011).

Во контекст на осаменоста, родовите улоги и социјалните релации, ќе се спомене уште едно истражување спроведено на примерок од 43 машки и 53 женски студенти, кои во текот на две недели ја запишувале секоја социјална интеракција

која ја имале и која траела 10 минути или повеќе. Потоа им биле зададени UCLA прашалникот за осаменост и PAQ прашалникот за родова ориентација. Добиените резултати покажуваат дека за двата пола, осаменоста била негативно поврзана со количината на време поминато со женски лица, односно лицата кои поминувале повеќе време со женски пријатели биле помалки осамени. Фемининоста била, исто така, негативно поврзана со осаменоста за двата пола (Wheeler, Reis, & Nezlek, 1983).

Испитани биле полови разлики во осаменоста и депресијата кај студенти кои бараат советување. Зададена име UCLA скалата за осаменост, скратена верзија и Beck Depression Inventory (BDI) на вкупен примерок од 325 студенти кои побарале советување, од кои 107 машки и 218 женски. Резултатите за осаменоста покажале значајни разлики, машките испитаници биле поосамени од женските, додека пак женските биле подепресивни од машките. Половите разлики во однос на осаменоста и депресијата, авторите ги објаснуваат како резултат на различни образци во осаменоста и депресијата како реални разлики помеѓу мажите и жените, или пак полови разлики во начинот на давање одговори (Wiseman, Guttfreund, & Lurie, 1995).

Иако Болби ја нема експлицитно потенцирано повраноста помеѓу социоемоционалното врзување и осаменоста, во истражувањата оваа поврзаност се потврдува. Во својот труд Демирли и Демир (Demirli & Demir, 2014), велат дека Хект и Баум (Hect & Baum, 1984; според Demirli,& Demir, 2014) покажале дека раното социемоционално врзување влијае врз осаменоста во понатамошниот развој на примерок на студенти. Потврдените хипотези се во согласност со теоријата Болби' за социоемоционално врзување и сепарација.

Кобак и Сцири (Kobak & Sceery, 1988; според Demirli, & Demir, 2014) покажале дека несигурно приврзаните испитаници во доцната адолесценција имале значајно повисоки скорови за нељубезност, анксиозност, депресија и осаменост за разлика од сигурно приврзаните. Исто така, Брејџ и Мередит (Brage & Meredith, 1994), дошле до наоди кои потврдиле дека кохезивноста на семејството и релациите родител-дете влијаат врз осаменоста.

Хојат (Hojat, 1982; според Demirli, 2014) објавил дека кај поединците кои немале значајни врски со врсниците се јавувала поголема осаменост. Кај оние кои изјавиле дека немале со кого да ги споделат своите чувства и мисли во детството се јавувала поголема осаменост во зрелоста.

Берлин и соработниците (Berlin et al., 1995; според Demirli, 2014) ги соопштиле нивните резултати за осаменост, според кои скоровите кај избегнувачки приврзаните поединци биле високи, додека кај сигурно приврзаните биле средно високи. Покрај ваквите наоди, тие сметаат дека доколку осаменоста се мери и преку себеоткривањето, кај сигурно приврзаните поединци осаменоста ќе се покаже значајно пониско.

ДиТомасо и соработниците (DiTommaso, McNulthy, Ross, & Burgess, 2003; според Demirli, 2014) сметаат дека сигурно приврзаните поединци имаат подобри социјални вештини и се чуствуваат помалку осамено. Во друго истражување на Мен и Хамид (Man & Hamid, 1998; според Demirli, 2014) најмногу осамени биле плашливо приврзаните, потоа избегнувачки приврзаните, додека испитаниците со сигурно социоемоционално врзување биле најмалку осамени.

Хазан и Шејвер (Hazan & Shaver,1987), користејќи модел со три категории на социоемоционално врзување сметале дека истото го предвидува нивото на осаменост. Имено, испитаниците кои биле сигурно врзани биле најмалку осамени, мерено со UCLA скалата за осаменост, (не разликува социјална и емоционанална осаменот), додека пак несигурно врзаните односно амбивалентите и анксиозните биле најмногу осамени. Единствено испитаниците со избегнувачки тип на врзување покажале средно ниво на осаменост. Авторите сметаат дека и оваа група не покажала поголемо ниво на осаменост единствено поради тоа што е малку веројатно дека ваквите испитаници ќе изјават нешто негативно за себе.

Уште едно истражување чија цел била да ја истражи предиктивната улога на видот на социоемоционално врзување врз осаменоста и депресијата. Примерокот на ова истражување се состои од 652 испитаника (313 женски, 339 машки) студенти. Податоците биле прибирани со помош на прашалникот UCLA-R за осаменост, и Бековиот инвентар за депресија. Според резултатите, социоемоционалното

врзување корелира високо со осаменоста и депресијата. Значајна поврзаност е пронајдена и помеѓу осаменоста и депресијата, како и главен ефект на социоемоционалното врзување врз осаменоста и депресијата. Според овие резултати може да се каже дека типот на социоемоционално врзување е важен фактор кој ги засега интерперсоналните врски и ги детерминира нивоата на осаменост и депресија кај поединецот (Erozkan, 2011).

Во една квалитативна студија на осаменоста во адолесценцијата, осаменоста се смета за значаен контрибуирачки фактор кон стапката на самоубиства и ментални болести во адолесценцијата. Оваа студија ја истражува природата на осаменоста и пријателствата опишани од страна адолесценти во средната адолсценција. Во оваа студија учествувале вкупно 33 испитаници од кои 13 момчиња 20 девојчиња на возраст од 10-15 години од области со низок, среден и висок социоекономски статус во Перт, Западна Австралија. По пат на индуктивна анализа на транскриптите на спроведените интервјуа, формирани се концептуални категории, релации и теорија. Осаменоста била идентификувана како мултифакторијално искуство кое се базира на два главни конструкти: 1) поврзаност со пријателите, и 2) перцепција на осаменоста. Квалитативните наоди го поддржуваат концептот на позиционирање на адолесцентите на континууми внатре во овие два концепти; 1) пријателство- поврзаност со врсниците и неповрзаност со врсниците, и 2) перцепција на осаменоста- позитивна и негативна.

Во заклучоците е нагласено дека осаменоста е мултидимензионала и е под влијание на постоењето или отсуството на значајни пријателства како и на начинот на кој адолесцентите ја доживуваат сопствената осаменост. Имено, осаменоста може да има и позитивна и негативна асоцијација за адолесцентите. Ова изгледа зависи од контекстот и фрекфенцијата во која таа е доживеана. Осаменоста може да се ублажи и намали доколку постојат пријателски релации со врсниците и може да биде доживеано негативно доколку не постои социјална поврзаност. Ова ја нагласува поврзаноста на ранливоста со нестабилните пријателства и важноста на врсничките релации.

Сличен наод е добиен во истражување на врската помеѓу социоемоционално врзување со родителите, социоемоционално врзување со врсниците и субјективното чувство на емоционална осаменост. Испитани биле 3 хипотези на примерок од 440 студенти на психологија. Резултатите покажале дека социомоеционалното врзување со врсниците е главен медијатор помеѓу социоемоционалното врзување со родителите и чувството на емоционална осаменост. Поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и емоционалната осаменост се покажала мошне слаба. Конечно, чувството на емоционална осаменост значајно не влијае врз социоемоционалното врзување со врсниците (Bogaerts, Vanheule, & Desmet, 2006).

Во своето истражување спроведено на 935 адолесценти кое ја испитувало поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и врсниците со психолошкото здравје и добросостојба, Раја, МекГи и Стентон (Raja, McGee, & Stanton, 1992) добиле резултати според кои перцепираното социоемоционално врзување со родителите не се разликува помеѓу машките и женските испитаници, додека пак кај врзувањето со врсниците постојат разлики, односно женските испитаници имаат повисок скор. Исто така, во споредба со машките испитаници, женските имале повисоки скорови на скалите за анксиозност и депресија, кои укажуваат на полоша добросостојба. Понискиот скор на социоемоционалното врзување со родителите е значајно поврзан со ниски скорови на скалите за добросостојба. Затоа пак, адолесцентите кои имале висок скор на скалите за социоемоционално врзување и со родителите и со врсниците имале и високи скорови на скалите за добросостојба.

Целта на едно неодамнешно истражување била да се испита релацијата помеѓу комуникацијата со родителите и осаменоста кај адолесцентите. Истражувањето е спроведено на примерок од 179 адолесценти од кои 81 машко и 101 женски испитаници со просечна возраст од 16.30 години . Примерокот бил избран по пат на случаен избор. За варијаблата комуникација со родителите зададен бил IPPA прашалникот, додека пак за проценка на чуството на осаменост кај адолесцентите UCLA скалата. Испитана е корелацијата за да се открие врската помеѓу комуникацијата со родителите и осаменоста кај адолесценти. Резултатите

покажале негативна поврзаност, односно доколку комуникацијата со родителите се зголеми, осаменоста ќе се намали. Имајќи предвид дека комуникацијата е индикатор на социоемоционалното врзување, односно зголемената комуникација укажува на сигурно социоемоционално врзување, можеме да кажеме дека овој наод ја потенцира важноста на врската со родителите во однос на осаменоста кај адолесцентите (Selvaraj, 2015).

Истражувачки хипотези

Првата хипотеза се однесува на поврзаноста на полот и родовиот идентитет со чувството на осаменост. Втората, пак, се однесува на поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и социоемоционалното врзување со врсниците со чувството на осаменост. Следствено на тоа поставени се две хипотези.

Кога станува збор за полот и осаменоста, Рокаx (Rokach, 2001) доаѓа до резултати кои имплицираат дека женските подобро се справуваат со чувствата на осаменост од машките и почесто известуваат за нив. Тангнеј и Деринг (Tangney & Dearing, 2002) истражувајќи го ефектот на полот врз негативните чувства меѓу кои и осаменоста, наоѓаат значајни разлики помеѓу машките и женските испитаници. Пеплау и Перлман (Peplau, & Perlman, 1982) претпоставуваат дека социјалниот притисок влијае врз осаменоста, односно мажите кои покажуваат чувства на осаменост се негативно оценувани од околината, отколку жените. Ова би водело кон непројавување на чувства на осаменост кај мажите „со цел да се спасат од социјална осуда “. Истражувањата, генерално го потврдуваат ова, како на пример, истражувањето на Лау и Груен (Lau & Gruen, 1992) кое покажува дека осамените мажи се повеќе стигматизирани од осамените жени. Иако поопширен преглед на истражувањата на влијанието на полот или родовата улога врз осаменоста даваат двосмислени наоди, постои оправданост за хипотетизирање дека мажите се чувствуваат помалку осаменост од жените, и дека оние кои имаат прифатено феминина родова улога се поосамени од маскулините, бидејќи тоа „им е дозволено“.

Овие двосмислени наоди директно водат кон потребата да се диференцира биолошкиот пол, и родот. Во таков обид Витенберг (Wittenberg, 1987 според Green, Richardson, Lago, & Schatten-Jones, 2001), доаѓа до следниве резултати: за машките, маскулиноста е во негативна корелација со социјалната осаменост, маскулиноста и фемининоста се во негативна корелација со емотивната осаменост. За женските, маскулиноста е во негативна корелација со социјалната осаменост, а фемининоста со емотивната. Постојат и истражувања кои покажале дека маскулините

доживуваат подлабоки чувства на осаменост. Иако нивниот број е незначаен, ја потврдува неконзистентноста на наодите, без разлика дали е испитуван полот или родовиот идентитет.

Согласно наодите, се поставува следнава хипотеза :

**Хипотеза 1: Споредено со маскулините машки адолесценти и маскулините женски адолесценти, феминините женски адолесценти се чувствуваат најмалку осамени, додека феминините машки адолесценти се чувствуваат најмногу осамени.**

Истражувањата кои ја испитувале врската помеѓу чувството на осаменост и социоемоционалното врзување ја потврдуваат нивната поврзаноста. Дитомасо и Спинер (DiTommaso & Spineer, 1993), добиле резултати кои потврдуваат дека сигурно врзаните поединци доживуваат помала емотивна и социјална осаменост, во споредба со оние кои се несигурно врзани. Хојат (Hojat, 1982) потврдил дека испитаниците кои имаат незадоволителни врски со родителите имаат поголема шанса да се чувствуваат осамени. Испитаниците кои изјавиле дека родителите не им посветиле доволно време, не ги разбирале, дека не им биле поддршка при кризни ситуации, односно не им биле сигурносна база, една од карактеристиките на сигурно врзување, доживуваат чувства на осаменост во поголем интензитет.

Според овие наоди, сосема е оправдано да се постави хипотеза која предлага дека чуството на осаменост варира според типот на социоемоционално врзување.

**Хипотеза 2: Адолесцентите кои се сигурно социоемоционално врзани и за родителите и за врсниците се чувствуваат најмалку осамени, додека адолесцентите кои се несигурно врзани и за родителите и за врсниците се чувствуваат најмногу осамени.**

## Методологија на истражувањето

### Варијабли во истражувањето

**Пол:** Според биолошките карактеристики, спаѓа или во група машки или во група женски пол. Испитаниците сами ја определуваат својата припадност кон едниот или другиот пол со помош на кусиот демографски прашалник зададен на почетокот на тестирањето.

**Родов идентитет**: Во ова истражување родовиот идентитет е дефиниран според скор на прашалник, од скала за фемининост и скала за маскулиност, „Скала на маскулиност и фемининост - адаптирана верзија (ACL Masculinity and Femininity Scale)". Испитаниците со висок скор на скала макулиност, а низок на фемининост ќе се сметаат за адолесценти со маскулин родов идентитет, а оние со висок скор на скала на фемининост и низок на маскулиност, адолесценти со феминин родов идентитет. Високите и ниски скорови се одредени по пат на методот median split.

**Социоемоционално врзување за родителите**: Во ова истражување социоемоционалното врзување за родителите е дефинирано според скорови добиени на Инвентар на социоемоционално врзување за родителите и за врсниците (INVENTORY OF PARENT AND PEER ATTACHMENT-IPPA), за социоемоционално врзување со родителите на субскала доверба, комуникација и алиенација. Средни и високи скорови на субскалите за доверба и комуникација и среден или низок скор на субскала алиенација, укажува на сигурно врзување за родителите. Среден или низок скор на доверба, и средни или високи скорови на субкалите на комуникација и алиенација, укажуваат на несигурно врзување за родителите.

**Социоемоционално врзување за врсниците**: Во ова истражување социоемоционалното врзување е дефинирано според добиениот скор на Инвентар на социоемоционално врзување за родителите и за врсниците (INVENTORY OF PARENT AND PEER ATTACHMENT-IPPA), за социоемоционално врзување со врсниците на субскали за доверба, комуникација и алиенација. Средни и високи скорови на скалите за доверба и комуникација и среден или низок скор на скала

алиенација, укажува на сигурно врзување за врсниците. Среден или низок скор на доверба, и средни или високи скорови на скалите на комуникација и алиенација, укажуваат на несигурно врзување за врсниците.

**Осаменост**: Во ова истражување осаменоста е дефинирана според добиениот скор на UCLA- скалата на осаменост. Повисок скор укажува на поголемо присуство на варијаблата, односно повисок интензитет на субјективното чувство на осаменост.

Мерни инструменти

### UCLA- скала на осаменост

UCLA- скалата на осаменост е конструирана од Расел во 1996 година (Russell, 1996 според APA, 2002). Еднодимензионална скала, која е најчесто користена за мерење на субјективното чувство на осаменоста кај адолесцентите. Тврдењата не се однесуваат директно на осаменоста, токму за да се избегнат социјално пожелните одоговори. Ајтемите се фокусираат на тоа испитаниците да евалуираат различни карактеристики од своите социјални мрежи, како на пример: „недостаток на пријателство“.

Инструментот содржи 20 тврдења на кои се одговара на скала од 1 до 4 и тоа: 1-никогаш, 2- ретко, 3- понекогаш, 4- секогаш. Се однесува на чувството на осаменост како еднодимензионален конструкт, висок резултат на UCLA скалата на осаменост укажува на ограничени општествени активности и ограничени социјални врски со другите. Единаесет тврдења се поставени така да повисок одговор на нив одразува поголемо чувство на осаменост, а девет тврдења се во обратна насока (реверзибилни). Резултатот се добива со собирање на заокружените броеви покрај одделното тврдење, со тоа што одговорите на 1,5,6,9,10,15,16,19 и 20 се бодуваат во обратна насока. Мерката има висока релијабилност. Авторот на овој инструмент, на примерок составен од студенти, медицински сестри, наставници и постари лица добил алфа коефициент на внатрешна релијабилност која изнесува од 0.89 до 0.94, тест-ретест релијабилноста за време на едногодишен период изнесувала 0.73. Алфа вредноста на примерокот на ова истражување (N=340) изнесува 0.742.

**Скала на маскулиност и фемининост - адаптирана верзија** (ACL Masculinity and Femininity Scale)

Инструментот на Хеилбрун (според Schwarz & Williams 1991) овозможува одделно испитување на маскулиноста и фемининоста, на начин на кој

испитаниците сами одредуваат кои особини, од серија особини, ги сметаат карактеристични за своето однесување. Инструментот има две скали: скала на маскулини особини која се состои од 28 ајтеми, и скала на феминини особини која се состои од 26 ајтеми. Замислата на авторот, е овој инструмент да биде задаван како чек листа, односно испитаникот ги забележува оние особини кои смета дека ги поседува, потоа се собира нивниот број и се добива скор на скала. За потребите на ова истражување, начинот на задавање и оценување беше пролагоден. Најпрво се изедначи бројот на тврдења на двете скали (секоја по 26 тврдења), потоа беше применет друг начин на самоизвестување, односно за секое тврдење испитаникот го одредуваше степенот во кој се однесува на него, на скала од 1 до 4, каде што 1 значи во најмал степен, 4 во најголем степен. Вака зададен, за секоја скала посебно инструментот има максимален скор 106, а минимален 26.

Во повеќе наврати е испитувана внатрешната конзистентност на скалите и отприлика таа се движи од 0.77 за скалата фемининости 0.83 за скалата маскулиност. Тест ретест релијабилноста за период од 10 недели изнесува 0.67 за скала на маскулиност и 0.62 за скала на фемининост. Овие метриски карактеристики се однесуваат на оригиналната верзија на инструментот Во ова истражување за двете скали е спроведен тест на внатрешна конзистентност, односно добиено се алфа кронбах вредности за двете скали посебно. За сакалата Фемининост кронбах алфа вредноста изнесува 0.79, додека пак вредноста за скалата маскулиност изнесува 0.82. Двете вредности ги задоволуваат критериумите за внатрешна конзистентност на ајтемите.

**Инвентар на социоемоционално врзување за родителите и за врсниците** (INVENTORY OF PARENT AND PEER ATTACHMENT-IPPA)

Овој инструмент содржи две скали. Едната се однесува на социоемоционалното врзување со родителите, а другата на социоемоционалното врзуавње со врсниците. Секоја скала во себе содржи три субкали од три компоненти на социоемоционалното врзување: доверба, комуникација и алиенација. Овој инструмент е направен со цел да ги оцени позитивните и негативните перцепции

на адолесцентите за афективно/когнивитвните димензии на врските со родителите и блиските пријатели, односно да оцени коллку добро овие „значајни други " служат како извори на психолошка сигурност. Теоретски спаѓа во рамките на теоријата за социоемоционално врзување на Болби.Испитани се три димензии: степен на доверба, квалитет на комуникација и алиенација/оттуѓување. Иако, е направен за популација на возраст од 16- до 20, неговата употреба е оправдано поширока. Испитаниците одговараат на тврдењата со помош на Ликертова скала од 1 до 5. Оригиналната верзија содржи 28 тврдења за родителите и 25 за врсниците, кои даваат два различни скора, за секој посебно.

Релијабилноста на примерок од 27 испитаници на возраст од 18-20 години изнесува 0.93 за социоемоционално врзување со родителите и 0.86 за врсниците. За ревидираната верзија, интерната релијабилност изнесува alpha= 0.87 за мајка; alpha= 0.89 за татко; и alpha= 0.92 социоемоционално врзување со врсниците. За целите на ова истражување, за двете варијабли социоемоционално врзување за родителите и социоемоционално врзување за врсниците се користат соодветните скали од истиот инструмент. Вредностите на алфа коефициентот изнесуваат за скалата која се однесува на социоемоционално врзување со родителите изнесува 0.742, додека пак алфа коефициентот за скалата за социоемоционално врзување со врсниците изнесува 0.799. Двете вредности ги задоволуваат критериумите за внатрешна конзистентност на ајтемите.

### Примерок

Во ова истражување се користеше пригоден примерок од 600 испитаници, 300 машки и 300 женски, од неколку средни гимназиски училишта во Скопје, кои во моментот на тестирањата беа присутни на часовите.

Откако беа зададени инструментите на целиот примерок, се издвоија оние кои имаа висок скор на скала макулиност, а низок на фемининост и оние кои имаа висок скор на скала на фемининост и низок на маскулиност. Високите и ниски скорови беа одредени по пат на методот median split. Во понатамошната обработка на податоците за проверка на хипотеза 1, влегоа само овие испитаници, вкупно 271. Останатите не се во интерес на истражувањето.

Во обработката на податоци за проверка на хипотеза 2, влегоа само оние на скалите за социоемоционално врзување со родителите и социемоцинално врзување со врсниците добија скорови кои укажуваат на сигурно или несигурно врзување со родителите и сигурно или несигурно врзување со врсниците, вкупно 146.

Постапка

Со цел тестирање на хипотеза 1, прашалници беа раздадени на 600 испитаници, ученици од втора, трета и четврта година од скопските општи гимназии, „Орце Николов", „Никола Карев", „Раде Јовчевски Корчагин" и „Јосип Броз Тито". Покрај демографските податоци, пол и возраст на испитаниците, беше зададен прашалник за Осаменост (UCLA Loneliness Questionaire) и скалата за маскулиност и фемининост (ACL Masculinity and Femininity Scale Items), во адаптирана верзија, односно бројот на тврдења во субскалите беше изедначен по број односно две тврдења од субскалата за маскулиност беа исфрелени по случаен избор. За проверка на хипотеза 2 беше зададен и прашалникот за социоемоционално врзување со родителите и врсниците (INVENTORY OF PARENT AND PEER ATTACHMENT - IPPA), како два посебни прашалници. Испитаниците одговараа анонимно и сите доброволно прифатија да бидат дел од истражувањето. Инструментите беа задавани во текот на наставата од страна на училишните психолози, на учениците присутни на часовите. Од вкупно 600 комплета прашалници, 520 беа целосно пополнети.

Статистичка обработка на податоците

Во ова истражување, при анализите за проверка на хипотезата 1 во понатамошна обработка влегоа само оние испитаници кои на скалата за фемининост/маскулиност покажаа високо феминини или високо маскулини црти, независно од полот. Од вкупно 520 испитаници, 271 испитаник го исполнуваше овој критериум и нивните скорови беа вклучени во понатамошната обработка. За тестирање на поставената хипотеза беше направена една двонасочна АНОВА со помош на програмот за статистичка обработка на податоци IBM SPSS, ver.19.0, каде беше ставен акцент на интеракцијата пол × родова улога. Од кои 96 машки

испитаници, 175 женски испитаници, 144 со високо фeминина родова улога, и 127 со високо маскулина. Критериум за поделба на високи и ниски скорови беше добиен според постапката median split, за двете скали посебно.

При анализите за проверка на хипотеза 2 во понатамошна обработка влегоа само оние испитаници кои на скалите за социоемоционално врзување со родителите и социемоцинално врзување со врсниците добија скорови кои укажуваат на сигурно или несигурно врзување со родителите и сигурно или несигурно врзување со врсниците. Од вкупно 520 истпианици, 146 испитаника го исполнија овој критериум и нивните скорови беа вклучени во понатамошната обработка односно беше направена една двонасочна АНОВА со помош на програмот за статистичка обработка на податоци IBM SPSS, ver.19.0, каде беше ставен акцент на интеракцијата социоемоционално врзување со родителите × социоемоцинално врзување со врсниците. Од кои 78 машки испитаници, 69 женски испитаници, 90 сигурно врзани за родителите, 94 сигурно врзани за врсниците , 56 несигурно врзани за родителите и 52 несигурно врзани за врсниците. За скоровите на испитаниците да припаднат во категорија сигурно врзување или несигурно врзување на двете скали, и за родители и за врсници по пат на терциарен сплит (tertiary split), односно според скоровите на 33-от и 66-от перцентил беа поставени критериумите среден, висок и низок скор на субскалите доверба, комуникација и алиенација, за родители и врсници посебно. Во категоријата сигурно врзани влегоа оние испитаници кои имаа средни или високи скорови на субскалите доверба и комуникација и низок или среден на субскалата алиенација. Но не и оние кои имаа средни скорови и на доверба и на алиенација, додека пак во категоријата несигурно врзани влегоа они испитаници кои имаа ниски скорови на субскалите доверба и комуникација а високи или средни на алиенација, или доколку скорот на субскалата доверба е низок на комуникација среден, или обратно додека скорот на субскалата алиенација е висок.

## Резултати

### Проверка на хипотеза 1

Во овој дел се прикажани добиените резултати по направената статистичка анализа во функција на тестирање на хипотезата:

*H1: Споредено со маскулините машки адолесценти и маскулините женски адолесценти, феминините женски адолесценти се чувствуваат најмалку осамени, додека феминините машки адолесценти се чувствуваат најмногу осамени.*

Во Табела 1 се прикажани дескриптивните статистички податоци за субгрупите испитаници – димензија чувство на осаменост (пол и родов идентитет). Табела 2, пак, ги соопштува фреквенции за варијаблите пол и родов идентитет.

**Табела 1**. Дескриптивни податоци за субгрупите испитаници – димензија чувство на осаменост (пол и родов идентитет)

| **Пол** | **Родов идентитет** | **M** | **SD** | **N** |
|---|---|---|---|---|
| Машки | Маскулин | 38,33 | 9,221 | 75 |
| | Феминин | 43,05 | 9,775 | 21 |
| | Вкупно | 39,36 | 9,497 | 96 |
| Женски | Маскулин | 41,65 | 9,600 | 52 |
| | Феминин | 41,50 | 9,529 | 123 |
| | Вкупно | 41,55 | 9,523 | 175 |
| Вкупно | Маскулин | 39,69 | 9,483 | 127 |
| | Феминин | 41,73 | 9,547 | 144 |
| | Вкупно | 40,77 | 9,554 | 271 |

**Табела 2.** Фреквенции за варијаблите пол и родов идентитет

| Варијабла | Субгрупа | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Пол | машки | 96 | 35,4 |
| | женски | 175 | 64,6 |
| | вкупно | 271 | 100,0 |
| Родов идентитет | високо маскулин | 127 | 46,9 |
| | високо феминин | 144 | 53,1 |
| | вкупно | 271 | 100,0 |

Податоците за различните подгрупи се тестирани со Левеновиот тест за еднаквост на грешката на варијансата. Левеновиот тест за еднаквост на грешката на варијансата на варијаблата чувство на *осаменост* ја тестира нултата хипотеза дека грешката на варијансата на зависната варијабла за групите е еднаква. Во овој случај тоа е потврдено, зошто $F$ = .050, а $p$>.985, што значи дека претпоставката за користење на АНОВА е задоволена.

Во Табела 3 се прикажани податоците за вааријаблата чувство на осаменост како функција на полот и родовиот идентитет и интеракцијата *пол × родов идентитет*. Првиот главен ефект **пол** (F=0,133 (1;267); p>0.05) **не укажува на статистички значајни разлики** помеѓу машките и женски испитаници во однос на чувството на осаменост. Воедно, кога ќе се земе предвид варијаблата **родов идентитет**, а варијаблата пол ќе се занемари всушност **нема разлика** ни во чувството на осаменост помеѓу лицата со високо маскулин и високо феминин родов

идентитет (F=0,881;(1;267); p>0.05), додека пак терминот за интеракција е на границата на статистичка значајност (F=2,983 (1;267); p>0.05), ако се имаат предвид општите стандарди за статистичка значајаност. Непостоењето на статистички значаен интеракциски ефект укажува дека **нема заемно дејство** на двете варијабли: во случајов, нема интеракциски ефект помеѓу полот и родовиот идентитет во однос на димензијата чувство на осаменост, односно може да се заклучи дека поставената **хипотеза 1 не е потврдена.**

Табела 3. Податоци за варијаблата *чувство на осаменост* како функција на полот и родовиот идентитет и интеракцијата *пол × родов идентитет:* Резултати од АНОВА тест

| **Ефект** | **Сума на квадрати (SS)** | **df** | **Средни квадрати (MS)** | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 35,754 | 1 | 35,754 | 0,133 | 0,777 |
| Родов идентитет | 235,918 | 1 | 235,918 | 0,881 | 0,520 |
| Пол*Родов идентитет | 267,900 | 1 | 267,900 | 2,983 | 0,085 |
| Грешка | 23982,136 | 267 | 89,821 | | |

Од График 1 може да се види дека иако статистички незначајна, постои извесна интеракција помеѓу овие две варијабли. Изворот на интеракција потекнува од одговорите на машките субјекти. Имено, кај нив разликата во родовиот идентитет е најголема ($M_1$ =38,33, $M_2$ = 43,053), додека кај женските субјекти оваа разлика е занемарлива.




График 1. Интеракција *пол × родов идентитет*

Проверка на хипотеза 2

Во овој дел се прикажани добиените резултати по направената статистичка анализа во функција на тестирање на поставената хипотеза:

*Н2: Адолесцентите кои се сигурно социоемоционално врзани и за родителите и врсниците се најмалку осамени, додека адолесцентите кои се несигурно врзани и за родителите и за врсниците се најмногу осамени.*

Во Табела 4 се прикажани дескриптивните податоци за субгрупите испитаници – димензија чувство на осаменост (социоемоционално врзување за родителите и социеомоционално врзување за врсниците). Податоците за фреквенциите за варијаблата *социоемоционално врзување за родителите* и за варијаблата *социоемоционално врзување за врсниците,* се дадени во Табела 5.

**Табела 4**. Дескриптивни податоци за субгрупите испитаници – димензија чувство на осаменост (социоемоционално врзување за родителите и социеомоционално врзување за врсниците)

| **Социоемоционално врзување за родителите** | **Социоемоционално врзување за врсници** | **M** | **SD** | **N** |
|---|---|---|---|---|
| Сигурно | сигурно | 39,29 | 8,197 | 66 |
| | несигурно | 44,25 | 8,877 | 24 |
| | вкупно | 40,61 | 8,620 | 90 |
| Несигурно | сигурно | 39,32 | 6,945 | 28 |
| | несигурно | 42,11 | 8,006 | 28 |
| | вкупно | 40,71 | 7,558 | 56 |
| Вкупно | сигурно | 39,30 | 7,808 | 94 |
| | несигурно | 43,10 | 8,405 | 52 |
| | вкупно | 40,65 | 8,202 | 146 |

Од Табела 4 се гледа дека адолесцентите што се сигурно врзани за родителите, а несигурно врзани за врсниците имаат највисока аритметичка средина (се чувствуваат најосамени), додека адолесцентите што се сигурно врзани за родителите и сигурно врзани за врсниците имаат најниска аритметичка средина (се чувствуваат најмалку осамени) и дека аритметичките средини за чувството на осаменост кај адолесцентите кои се сигурно приврзани за родителите и кај адолесцентите кои се несигурно приврзани за родителите, се скоро идентични (M1 = 40.61, M2 = 40.71). Адолесцентите кои се сигурно приврзани за родителите, а несигурно приврзани за врсниците, се чувствуваат поосамено од адолесцентите што се сигурно приврзани за родителите и сигурно приврзани со врсниците (M144.25; M239.29). Исто така, адолесцентите што се несигурно приврзани со родителите и несигурно приврзани со врсниците, се чутвуваат поосамено од адолесцентите што се несигурно приврзани со родителите, а сигурно приврзани со врсниците, но оваа разлика е помала (M142.11; M239.32).

**Табела 5**. Фреквенции за варијаблата *социоемоционално врзување за родителите* и за варијаблата *социоемоционално врзување за врсниците*

| Варијабла | Субгрупа | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Социоемоционално врзување за родители | Сигурно | 90 | 61,6 |
| | Несигурно | 56 | 38,4 |
| | Вкупно | 146 | 100,0 |
| Социоемоционално врзување за врсници | Сигурно | 94 | 64,4 |
| | Несигурно | 52 | 35,6 |
| | Вкупно | 46 | 100,0 |

Спроведениот Левенов тест за еднаквост на грешката на варијансата не е статистички значаен, што значи дека варијансите на подгрупите се хомогени и може да се користи АНОВА за анализа на аритметичките средини.

Податоците од тестирањето на хипотеза 2 беа обработени со анализа на варијанса, двонасочна АНОВА, со два критериума на класификација - *социоемоционално врзување за родителите и социоемоционално врзување за врсниците*. Според тоа, главни ефекти од ановата се податоците што се однесуваат на *социоемоционално врзување за родителите и социоемоционално врзување за врсниците,* додека интеракцискиот термин е *социоемоционално врзување за родителите x социоемоционално врзување за врсниците*. Податоците се прикажани во Табела 6.

Табела 6. Резултати од АНОВА тест за варијаблата *чувство на осаменост* како функција на социоемоционалното врзување за родителите и социоемоционалното врзување за врсниците и интеракцијата *социоемоционално врзување за родителите х социоемоционално врзување за врсниците*

| **Ефект** | **Сума на квадрати (SS)** | **df** | **Средни квадрати (MS)** | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Социоемоционално Врзување за родителите | 34,692 | 1 | 34,692 | 0,939 | 0,510 |
| Социоемоционално врзување за врсниците | 468,074 | 1 | 468,074 | 12,673 | 0,174 |
| Социоемоционално Врзување за родителите*социоемоционално врзување за врсниците | 36,935 | 1 | 36,935 | 0,569 | 0,452 |
| Грешка | 9212,816 | 142 | 64,879 | | |

Од прикажаните резултати можеме да забележиме дека првиот главен ефект социоемоционално врзување за родителите ($F=0,939$ (1;142); $p>0.05$) не укажува на статистички значајни разлики помеѓу испитаниците кои се сигурно и несигурно врзаните за родителите во однос на чувството на осаменост, како и вториот главен ефект, социоемоционално врзување за врсниците ($F=12,673$;(1;142); $p>0.05$), кој исто така не укажува на разлики помеѓу испитаниците кои се сигурно и несигурно врзаните за врсниците. Додека, пак, статистички незначајната интеракција ($F=0,569$ (1;142); $p>0.05$), укажува дека нема заемно дејство на двете варијабли: во случајов, нема интеракциски ефект помеѓу социомеционалното врзување за родителите и социеомоционалното врзување за врсниците во однос на димензијата чувство на осаменост, односно може да се заклучи дека поставената хипотеза 2 **не е потврдена.**

Од прикажаните аритметички средини, сепак може да се види дека постои тенденција првиот дел од $H_2$ (сигурна приврзаност и за родителите и за врсниците)

да се потврди. Имено, најмалку осамени се чувствуваат адолесцентите со сигурна приврзаност како со родителите, така и со врсниците. Вториот дел од хипотеза 2 не покажа таква тенденција. Имено, најмногу осамени се чувствуваат лицата со сигурна врзаност за родителите а несигурна врзаност за врсниците. Ваквото отсуство на интеракција помеѓу *социоемоционалната приврзаност за родители и социоемоционалната приврзаност за врсниците* е јасно видливо од График 2.




График 2. Интеракција *социоемоционално врзување за родители* × *социоемоционално врзување за врсници*

Од График 2 се гледа дека линијата за сигурно приврзаните врсници е хоризонтална (има иста аритметичка средина) и кај адолесцентите кои се сигурно приврзани и кои се несигурно приврзани за родителите.

Според тоа, ако е адолесцентот *сигурно приврзан за родителите,* тогаш неговото чувство осаменост ќе зависи од тоа како е приврзан за врсниците: ако е сигурно приврзан со врсниците тој ќе се чувствува помалку осамен, отколку ако е несигурно приврзан со врсниците.

**Дискусија**

Во досегашните истражувачки и теоретски разработки во психологијата и во сродните науки, постои тренд на испитување на бројните разлики помеѓу мажите и жените, од самиот зачеток до доцните развојни фази, опфаќајки многу различни домени. Во првиот дел од истражувањето се испитува разликата помеѓу маскулините машки, маскулините женски, феминините женски и феминините машки адолесценти во однос на чувството на осаменост.

Во наодите поврзани со првата хипотеза која гласи: *споредено со маскулините машки адолесценти и маскулините женски адолесценти, феминините женски адолесценти се чувствуваат најмалку осамени, додека феминините машки адолесценти се чувствуваат најмногу осамени,* не се пронајдени разлики во чувството на осаменост ниту кај полот, ниту во родовиот идентитет. Со други зборови машките и женските испитаници не се разликуваат во однос на чувството на осаменост, што воедно важи и за високо маскулините и високо феминините адолесценти.

Сепак, резултатите за интеракцијата помеѓу полот и родовиот идентитет се на границата на статистичка значајност. Таквата интеракција потекнува од одговорите на машките субјекти. Имено, кај нив разликата во родовиот идентитет е најголема, односно најосамени се чувствуваат машките феминини адолесценти.

Ваквите резултати, иако не ја потврдуваат хипотеза 1, алудираат на тоа дека машките адолесценти, во овој случај оние кај кои и маскулината црта е високо изразена, не се подготвени да ги искажат своите негативни чувства, односно осаменоста, за разлика од машките со изразена феминина црта и женските испитаници воопшто. Ова најверојатно се должи на родовите стереотипи кои преовладуваат во нашето општество и кои налагаат неприфаќање на машката емоционална слабост и нелагодност. Ваквите стереотипи се потпираат врз културата на воспитувањето и врз неприфаќањето на нестереотипни однесувања.

Расел и Пепло (Peplau, и Perlman, 1982), во своето истражување не наоѓаат разлики во однос на осаменоста помеѓу мажите и жените. За разлика од нив, Вајс (Weiss, 1973) вели дека постојат разлики помеѓу мажите и жените во однос на осаменоста, односно дека жените се посклони кон чуства на осаменост од мажите. До слични наоди доаѓа и Хојат (Hojat, 1982), кој земајќи ја предвид поврзаноста на чуството на осаменоста и ниската самодоверба, тврди дека жените се поосамени од мажите.

Борис и Перлман (Borys и Perlman, 1985) аргументираат дека доколку постојат полови разлики во чувствата на осаменост тие се должат на тоа што машките испитаници потешко изјавуваат социјално непожелни чувства. Во ова истаражување, иако статистички незначајни, видливи се разликите помеѓу машките и женските испитаници.

Како што е наведено погоре во текстот, кога тврдењата на инструментот директно се однесуваат на чувството на осаменост, момчињата покажуваат помало присуство, за разлика од девојчињата кои покажуваат поголемо. Обратно, кога тврдењата не се однесуваат директно на осаменоста, момчињата покажуваат поголемо присуство на чувството на осаменост, за разлика од девојчињата кои покажуваат помало. (Borys & Perlman, 1985). Според Викс и Ашер (Weeks & Asher, 2012), скалата UCLA важи за индиректен инструмент, кој го мери субјективното чувство на осаменост, оттука и нејзината широка употреба. Сепак, во овој случај е можно врз добиените резултати да влијаел и самиот инструмент, бидејќи е задаван македонски превод на оригиналната верзија. Поголем дел од соопштените релевантни истражувања не покажаа значајни полови разлики во чуството на осаменост.

Борис и Перлман (Borys & Perlman, 1985) во својот труд даваат податок кој вели дека само 4 од 28 истражувања кои ја користеле UCLA скалата за осаменост покажале значајни разлики помеѓу машките и женските испитаници. Во сите 28 случаи, машките испитаници имале повисок скор од женските. UCLA скалата се фокусира на квалитетот на социјалните врски на испитаниците. Голденберг и Перлман (Goldenberg & Perlman, 1984; според Borys & Perlman, 1985) забележале

дека мажите негуваат помалку интимни и задоволувачки релации од жените, наведувајќи го ова како објаснување за нивниот повисок скор на скалата на осаменост. Од друга страна, женските испитаници се поподготвени на скалите за самопроценка да се оценат себеси како осамени, што можеби укажува на некој трет фактор кој е поврзан со овие разлики. На пример, ако се претпостави дека ниската самодоверба е поврзана со чувството на осаменост (Perlman & Peplau, 1982; според Borys & Perlman, 1985) и дека жените имаат пониска самодоверба, тогаш би се очекувало жените да бидат се чувствуваат поосамени од мажите. Поврзаноста на полот и чувството на осаменост може да се објасни со потенцијален трет фактор или, пак, да се смета дека е лажна, но и во двата случаи полот нема да биде причина за разликите во чувството на осаменост.

Она што е веќе споменато - дека женските испитаници се поподготвени да ја искажат своето чувство на осаменост - вклучува уште еден надворешен фактор кој не е поврзан со чувството на осаменост- тоа се последиците со кои поединецот се справува откако ќе признае дека се чувствува осамен. Социјалниот третман не е еднаков за машките и женските, т.е. поприфатливо е да се биде осамена жена, отколку осамен маж. Следствено на ова, очекувано е машките испитаници да не признаат дека се чувствуваат осамени и да имаат понизок скор на скалите за самопроценка, за да се заштитат од социјална осуда.

Таму каде што се испитува интеракцијата *пол х родов идентитет*, феминините машки испитаници се чувствуваат најосамени, што може да се должи токму на нивниот преферирaн родов идентитет, односно високо феминини. Имено, заради својот родов идентитет, овие испитаници полесно ги прифаќаат своите негативни чувства и општествено е прифатливо да ги покажат, иако се припадници на машкиот пол. Овој наод е особено важен, бидејќи групата испитаници кои по својот скор припаднала во категорија машки феминини е всушност најмала. Или пак, причина за малубројноста на испитаници во оваа група може да биде нивната родова нестереотипност, која доведува до неприфаќање од околината. Фемининоста како црта подразбира поголема чувствителност, поотворено искажување на емоциите и поголема потреба за интимност во релациите. Ваквиот адолесцент припадник на машкиот пол, во средина како нашето општество, не би

имал голем круг на пријатели, особено не би бил прифатен од типичните машки врсници, на што може да се должи чувството на осаменост. Од една страна, оскудните социјални релации може да имаат и заштитна функција, односно самиот поединец потешко се впушта во блиски релации со врсниците со цел да не биде отфрлен. Ваквото однесување ќе вроди со помал или недоволен број на пријатели, или со осамување и изолирање што диретно влијае врз чувството на осаменоста.

Поддршка на овој став доаѓа од две студии за депресијата. Во првата, студентите од обата пола покажале нетолерантност кон експресијата на депресијата кај машките врсници, додека пак, покажале симпатии кон истите чувства кај своите женски врсници (Beck & Young, 1978; според Borys & Perlman, 1985). И во втората студија, депресивните мажи биле поотфрлени и подевалвирани од депресивните жени.

За да се утврди дали постојат вистински разлики во чувствовто на осаменост, потребно е во идните истражувања да се вклучи и социјалното прифаќање/неприфаќање како релевантна варијабла.

Во студијата на Крамер и Нијдли (Cramer & Neyedley, 1998) во која, иако првично не се покажале полови разлики, откако на скоровите за осаменост им бил додаден и родовиот идентитет на испитаниците, се добиени значајни разлики: маскулините испитаници се чуствувале поосамени од феминините, односно машките испитаници се чуствувале поосамени од женските. Ваквите резултати ја поддржуваат претпоставката дека машките испитаници не се подготвени да ги признаат своите чувства на осаменост. Ова ја потенцира важноста на интеракцијата пол x родов идентитет.

Додека еден дел од истражувањата сугерира дека жените се поосамени од мажите (пр. Killen, 1998), друг дел го тврди спротивното, т.е. дека мажите се поосамени од жените (пр. Le Roux, 2009). Оттука, може да се заклучи дека постојат контрадикторни наоди. Можни објаснувања за оваа контрадикторност се културолошките разлики, родовиот идентитет и родовата улога во дадената културна средина и интеракцијата помеѓу полот и родовиот идентитет или, пак, некои други разлики помеѓу машките и женските, како, на пример, разликите во

начинот на другарувањето (момчињата негуваат поголем број на пријателства за разлика од девојчињата, кои пак, негуваат поблиски релации со своите врсници, за разлика од момчињата).

Во однос на социометриските разлики помеѓу момчињата и девојчињата во периодот на адолесценција, може да се наведе истражувањето на Медвед (Medved, 2011), чија цел била да ги истражи разликите во чувството на осаменост во однос на полот и возраста на предадолесцентите и адолесцентите во рана адолесценција, како и поврзаноста помеѓу чувствата на осаменоста и неколку други индикатори за социјалните релации. Резултатите покажале дека момчињата се чувствувале значајно поосамени од девојчињата. Кај девојчињата поосамено се чувствувале постарите испитанички, додека кај момчињата обратно, помладите испитаници имале повисок скор. Индикаторите за социјалните релации не покажале значајни разлики помеѓу момчињата и девојчињата во однос на чувството на осаменоста. Полови разлики се добиени во однос на социјалниот статус, односно поосамените девојчиња имале понизок социјален статус, додека момчињата кои имале подобар социјален статус биле помалку осамени (Medved, 2011).

Во контекст на чувството на осаменост, родовиот идентитет и социјалните релации, ќе се спомене уште едно истражување, чии резултати покажуваат дека за двата пола, чувството на осаменост била негативно поврзана со количината на време поминато со женски лица, односно лицата кои поминувале повеќе време со женски пријатели биле помалки осамени. Фемининоста била, исто така, негативно поврзана со чувството на осаменоста за двата пола (Wheeler, Reis, & Nezlek, 1983).

До слични сознанија дошол и Авери (Avery, 1982). Целта на неговата студија била да се испита врската помеѓу родовата улога и чувството на осаменост во адолесценцијата. 225 средношколци ги пополниле Bem Sex Role инвентарот и UCLA скалата за осаменост. Резултатите покажале дека машките испитаници се чувствувале поосамени од женските испитаници. Исто така, андрогините поединци се лувствувале значајно помалку осамени од маскулините, феминините и неопределените. Андрогините и маскулините машки испитаници не се разликувале значајно во однос на чувството на осаменост, а се чувствувале значајно

помалку осамени од феминините машки испитаници. Овој наод е сличен на наодот од прввиот дел на ова истражување каде најмногу осамени се феминините машки испитаници. Ваквите резултати можеби се должат на тоа што во традиционалните општества маскулините машки испитаници се поомилени од феминините машки и од женските воопшто, а преферирана црта е маскулиноста. Овие резултати се слични со заклучоците на Масад (Massad, 1981), односно изразената маскулиност е поврзана со поголема прифатеност од страна на врсниците кога станува збор за машки адолесценти.

Типично за конзервативните општества е негативните емоции да бидат неприфатени или, пак, полесно прифатени само кај припадничките на женскиот пол. Целта на истражувањето на Ал Катиб (Al Khatib, 2012), спроведено на примерок од 495 студенти од Обединетите Арапски Емирати на просечна возраст од 21.8 години била да се испита поврзаноста помеѓу чувството на осаменост, самодовербата, самоефикасноста и полот. Примерокот бил поделен по варијаблата пол - 59% од испитаниците биле женски, 41% машки. Осаменоста е мерена со помош на UCLA-r скалата за самопроценка на осаменоста, за самодовербата е користена Розенберговата скала за самодоверба, и за проценка на самоефикасноста, Општата скала за самоефикасност. Резултатите покажале значајни разлики помеѓу машките и женските испитаници, односно женските испитаници се чувствувале поосамени од машките испитаници. Пронајдена е и поврзаност помеѓу пониската самодоверба и самоефикасност со повисокото ниво на чувство осаменост. Чуството на осаменост во истражувањата е поврзувано со бројни негативни однесувања и емоции.

Во истражувањето на Вајсман, Гатфројнд и Луриа спроведено во Израел, (Wiseman, Guttfreund, & Lurie, 1995), во кое учествувале 325 студенти кои побарале советување, од кои 107 машки и 218 женски, се добиваат спротивни резултати - машките испитаници биле поосамени од женските испитаници, кои пак, биле поdepресивни. Половите разлики во однос на чуството на осаменоста и депресијата, авторите ги објаснуваат како резултат на различни образци во осаменоста и депресијата, како реални разлики помеѓу мажите и жените, или пак, како полови разлики во начинот на давање одговор. Во изминатата декада, истражувањата ја имаат потенцирано важноста на блиските релации помеѓу младите луѓе и нивните

родители. Силните врски се покажале како превентивни по однос на различни однесувања кои влијаат врз здравјето и добросостојбата на адолесцентите, како на пример, злоупотребата на супстанци, насилството и раното впуштање во сексуални односи. Од тогаш, поврзаноста и блискоста на семејството стануваат актуелни во истражувањата и програмите, особено оние за превенција на ризичните однесувања и за промоција на здравјето на адолесцентите. И покрај ова, познато е дека односот родител- дете во период на адолесценцијата останува да биде изложен на голем притисок.

Во вториот дел од ова истражување се испитува разликата помеѓу адолесцентите кои се сигурно врзани со родителите, несигурно врзани со родителите, сигурно врзани со врсниците и несигурно врзани со родителите. Наодите поврзани со втората хипотеза која гласи: *Адолесцентите кои се сигурно социоемоционално врзани и за родителите и врсниците се чувствуваат најмалку осамени, додека адолесцентите кои се несигурно врзани и за родителите и за врсниците се чувствуваат најмногу осамени,* не ја потврдуваат истата. Добиени резултати покажуваат разлики кои не се статистички значајни. Односно, адолесцентите што се *сигурно врзани за родителите,* а *несигурно врзани за врсниците,* се чувствуваат поосамени од адолесцентите што се *сигурно врзани за родителите* и *сигурно врзани со врсниците.* Исто така, адолесцентите што се *несигурно врзани со родителите,* но и *несигурно врзани со врсниците,* се чувствуваат поосамени од адолесцентите што се *несигурно врзани со родителите* а *сигурно со врсниците,* но оваа разлика е помала. Од овие наоди произлегува дека врсниците имаат поголемо влијание од родителите во периодот на адолесценција. Вакви импликации постојат и во минатите истражувања кои ќе бидат продискутирани подолу.

Преминот од дете во адолесцент, особено кај првото дете во семејството, е често доживуван како клучен пресвртен момент во развојот на целото семејство. Промените во овој период вклучуваат и промена во социоемоционалното врзување помеѓу родителите и адолесцентот. Ова се должи на различните потреби кои во оваа развојна фаза се јавуваат, односно потребата за автономност и блиски врски со врсниците.

Како што врсниците стануваат поважни, така расте и потребата за автономија, затоа е можно да се зголемат и конфликтите со родителите додека адолесцентот ги испитува границите во односот (Noller & Patton, 1990). Како тече развојот на детето, во даден момент врсниците стануваат екстремно важни објекти на врзување. Во овој период адолесцентот наместо поголем дел од времето да го поминуваат со родителите, го поминува со врсниците. Кернс (Kerns, 1994) смета дека овие врски му овозможуваат на адолесцентот да ја истражи независноста од родителите. Никерсон и Нагл (Nickerson & Nagle, 2005) велат дека во кризни моменти, адолесцентите бараат блискост и утеха од врсниците повеќе отколку во другите развојни периоди.

Во овој период, на сметка на врзувањето со родителите, поважно станува врзувањето со врсниците, како друштво и како поддршка (Noller, Feeney, & Petersen, 2001). Едно објаснување за оваа промена е што токму во периодот на сепарација од родителите, врсниците овозможуваат посоодветни начини за справување со проблемите, отколку родителите (Marcoen, Goossens,& Caes, 1987). Другото објаснување е дека родителите преставуваат „сигурна база“ од која адолесцентите ги истражуваат врсничките релации и различните улоги и идентитети. Адолесцентот може да се врати во „сигурната база“ кога и да му е потребно (Noller et al., 2001). Третото објаснување, како што е веќе споменато, е дека адолесцентите кои ги идеализираат своите родители се помалку прифатени од врсниците, односно се перцепирани како непожелни (Kobak & Sceery, 1998). Голем дел од адолесцентите знаат да ја идентификуваат и ценат блиската релација со родителите, бидејќи таквата релација може да ги засени и оскудните односи со врсниците (Noller & Patton, 1990).

Во прилог на тоа дека видот на социоемоционално врзување има предиктивна улога за чувството на осаменоста говори и студијата на Ерзокан (Erozkan, 2011), чија цел била да се истражи предиктивната улога на видовите на социоемоционално врзување врз чуството на осаменост и депресијата. Она што е добиено укажува дека видовите на социоемоционално врзување се значајно поврзани со чувството на осаменост и депресијата. Односно, чувството на

осаменост позитивно корелира со несигурните типови на социоемоционално врзување, а негативно со сигурното социоемоционално врзување.

Целта на едно неодамнешно истражување била да се испита релацијата помеѓу комуникацијата со родителите и чувството на осаменост кај адолесцентите. Резултатите покажале негативна поврзаност, односно доколку комуникацијата со родителите се зголеми, чуството на осаменост ќе се намали. Имајќи предвид дека комуникацијата е индикатор на социоемоционалното врзување, односно зголемената комуникација укажува на сигурно социоемоционално врзување, можеме да кажеме дека овој наод ја потенцира важноста на врската со родителите во однос на осаменоста кај адолесцентите (Selvaraj, 2015).

Една студија спроведена во Индија (Moitra, & Mukherjee, 2012) го испитува импактот на родителските практики, комуникацијата родител-адолесцент, врз развојот на деликвентно однесување. Дојдено до резултати кои покажуваат дека задоволителна комуникација на мајката со адолесцентот е поважна од комуникацијата со таткото, земајќи го предвид дадениот контекст, деликвентно однесување. Овој наод може да послужи како предлог во идните истражувања на тема однос родител- адолесцент и чувство наосаменост да се испита посебно односот со мајката и посебно односот со таткото, односно да се земат предвид двата скора посебно. Во оваа теза, за проверка на хипотеза 2 беше користена оригиналната верзија на IPPA прашалникот која дава еден вкупен скор за социеомоционалното врзување со родителите.

Како што бројните истражувања укажуваат на поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и чувството на осаменост, така постои и јасна поврзаност помеѓу социоемоционалното врзување и појавата на деликвентно однесување, но и помеѓу чувствата на изолираност и осаменост во адолесценцијата и деликвентното однесување.

Уште едно истражување (Hematian, Mirpanahi, & Moghboli Behbahani, 2016) има за цел да го испита ефектот на родителскиот стил и односот со врсниците во училиште врз чувството на осаменоста кај глуви ученици. Истражувањето е спроведено во 2015 година и за истото е користен каузално- компаративен метод.

Примерокот се состоел од 35 глуви ученици од две различни училишта. Резултатите не покажале разлики помеѓу машките и женските глуви ученици, но покажале значајни разлики во скоровите на глувите ученици со родителска поддршка за врснички релации и оние без таква поддршка. Постојат статистички значајни разлики во средните скорови за чуствтото на осаменост кај глувите ученици зависно од родителската поддршка за врснички релации и различните стилови. Исто така, постојат статистички значајни разлики во чуството на осаменост кај глувите ученици зависно од трите типови врснички релации на училиште, додека пак не постои статистички значајна интеракција помеѓу односот на родителите, строгоста и односот кон прифаќање на чуството на осаменоста кај глувите ученици.

Иако специфично, со оглед на тоа што испитаниците се глуви, ова истражување потенцира уште еден важен аспект во испитувањето на чувството на осаменост во контекст на релациите со родителите и врсниците, а тоа се поддршката и одобрувањето на врсничките релации од страна на родителите, нивните ставови за врсничките релации во текот на адолесценцијата и сл. Можеби постои поголема поврзаност помеѓу социоемоционалното врзување со врсниците и чуството на осаменост, отколку помеѓу социоемоционалното врзување со родителите и чуството на осаменост (Резултати, График2), но во оваа теза останува нејасно кој е ставот на родителите кон односот со врсниците, и каква би била тогаш поврзаноста со осаменоста кај адолесцентите. Оттука, ова истражување може да послужи како предлог во идните истражувања на оваа тема да бидат испитани и оваа релација и нејзината поврзаност со чувството на осаменост кај адолесцентите.

Лохре и соработниците (Lohre, et al. 2014) спровеле лонгитудинална студија за проценка на влијанието на различни групи на луѓе од доверба врз чувството на осаменоста кај девојчињата на училиште, и врз нивната добросостојба во училиште две години подоцна. Истражувањето е направено на примерок од 119 девојки. Чувството на осаменост на училиште била тесно поврзана со ниското ниво за добросостојба на училиште. Но, доколку постоел наставник во училиштето на кого испитаничката му верува, чувството на осаменост било значајно намалено, како и поврзаноста со општата добросостојба на училиште. Од друга страна пак, зачудувачки, луѓето од доверба како на пример родителите и врсниците на

училиште, или другите наставници значајно не влијаеле на врската помеѓу чувството на осаменост кај девојчињата и понатамошната добросостојба. Овој факт е особено зачудувачки кога станува збор за родителите, бидејќи 80-90% од девојчињата изјавиле дека во рок од две години сигурно би разговарале со родителите доколку нешто лошо или непријатно им се случи. Она што го потенцираат резултатите од ова истражување е важноста на наставниците за девојчињата кои се чуствуваат осамено на училиште. Кај девојчињата кои имале доверба во наставниците да им се обратат во непосакувани ситуации, чувството на осаменост не влијаело врз понатамошната добросостојба на училиште. Ова покажува дека девојчиња кои се чувствуваат осамено можат да искусат добросостојба на училиште исто како и девојките кои не се чувствуваатосамени, доколку постојат наставници од доверба. Ова само укажува на големото значење на наставниците и советниците во училиштата и на нивното големо влијание врз развојот на учениците и нивната добросостојба. Од друга страна, ваквите резултати може да се должат на тоа што мерењата се направени во контекст на училиштето. Сепак родителите и понатаму остануваат најважни како "луѓе од доверба".

Иако во резултатите од тестирањето на хипотеза 2 се покажува јасна тенденција релациите со врсниците наспроти релациите со родителите да имаат детерминантна улога кога станува збор за чувството на осаменост, за сликата да биде појасна, можеби во некое наредно истражување треба да се вклучи и врзувањето со „значајните други", како на пример, наставниците. Во периодот на средна адолесценција, во кој се испитаниците од ова истражување, адолесцентите поголемиот дел од времето го поминуваат во училиште, како со врсниците, така и со наставниците.

Чувството на осаменоста може да има и позитивна и негативна асоцијација за адолесцентите. Ова најверојатно зависи од контекстот и фрекфенцијата во кој тоа е доживеано, може да се ублажи и намали доколку постојат пријателски релации со врсниците и може да биде доживеано негативно доколку не постои социјална поврзаност. Доколку на адолесцентите им се помогне да оформат сигурни пријателства и позитивни доживувања кон осаменоста значајно би се намалиле и чувството на осаменост во адолесценцијата и негативните ризик фактори и

негативните исходи. Од овие заклучоци може да се извлечат насоки и препораки за родителите и за наставниците за тоа како да им се помогне на адолесцентите.

Односите со врсниците уште во раното детство се значаен предиктор за чувството на осаменост и анксиозно/депресивните проблеми понатаму во развојот и адолесценцијата. Според наодите од повеќе истражувања, чувството на осаменост делумно, но не во целост, е медијатор на патот помеѓу односите со врсниците во детството и анксиозно/депресивните проблеми во адолесценијата. Слободно може да се каже дека на чувството осаменоста во адолесценцијата и претходат лоши рани искуства во социјализацијата, како и дека таа може да биде предиктор за анксиозно депресивни симптоми во подоцнежните фази на развојот. За подобро разбирање на поврзаноста на социоемоционалното врзување и осаменоста, можеби е добро во некое идно истражување да се земат предвид искуствата со врсниците во раната школска возраст, социоемоционалното врзување со врсниците во адолесценцијата и чувствата на осаменост.

При тестирањето на хипотеза 2, резултатите покажуваат разлики кои, иако не се статистички значајни, имаат тенденција да го потврдат особено првиот дел од Хипотеза 2. Имено, најмалку осамени се чувствуваат адолесцентите со сигурна приврзаност како со родителите така и со врсниците. Додека, пак, вториот дел од Хипотеза 2 - дека адолесцентите кои се несигурно врзани и за родителите и за врсниците се чуствуваат најмногу осамени - не покажа таква тенденција. Имено, најмногу осамени се чувствуваат лицата со сигурна врзаност за родителите, а несигурна врзаност за врсниците. Тоа што социоемоционалното врзување со врсниците покажа тенденција да го одреди и чувството на осаменост кај адолесцентите во поголема мера од врзувањето со родителите не значи дека овие два типа релации се во конфликт. Тоа едноставно значи дека за адолесцентите во оваа развојна фаза поголемо значење има блискоста со врсниците и припаѓањето во врсничките групи, за разлика од релациите со родителите кои не се толкава причина за фрустрација.

## Резиме

Целта на овој труд беше да се истражи поврзаноста на чувството на осаменост со полот, социоемоционалното врзување за родителите, социоемоционалното врзување за врсниците и родовиот идентитет кај адолесценти, со цел подобро разбирање на овој период од животот, исполнет со бројни развојни предизвици.

Без разлика дали постои статистички значајна поврзаност на чувството на осаменост со полот и со родовиот идентитет, дали со ова е поврзан инструментот кој ќе се зададе, конзервативноста на општеството, видот на осаменост што се испитува, или некој друг фактор, со самото тоа што фемините машки адолесценти се покажаа како група испитаници која се чувствува најосамено, може да се претпостави дека:

а) момчињата кои имаат високо изразена маскулина црта (а бројот на такви е секогаш поголем) нема да признаат дека се чувствуваат осамени, ниту, пак, ќе бидат подотвени да побараат помош,

и/или дека

б) родово нестереотипните поединци, во случајов феминини мажи, заради тоа што се неприфатени од околината, се чувствуваат најмногу осамени.

Врз основа на оваа претпоставка можат да се постават некои идни истражувања кои подетално и посеопфатно би се задлабочиле во споменатата поврзаност, од причина што доколку би се добиле статитички значајни резултати, тие веројатно би биле последица на сеуште присутните родови стереотипи во македонското општество кои се потенцијална подлога за понатамошни емотивни и бихејвиорални проблеми кои можат да доведат до деликвентно однесување и родово засновано насилство.

Покрај стравот од социјална осуда, непотврдувањето на хипотеза 1 се должи на големата разлика во бројот на машки и женски испитаници, односно женски 175, машки 96.

Недобивањето статистичка значајност при тестирањето на поставената хипотеза 2 се должи на недоволниот број на испитаници. Имено, од вкупно 520, за тестирање на оваа хипотеза беа обработени податоци од само 147, од кои: 78 машки испитаници, 69 женски испитаници, 90 сигурно врзани за родителите, 94 сигурно врзани за врсниците, 56 несигурно врзани за родителите и 52 несигурно врзани за врсниците. Иако беше јасно дека голем дел од испитаниците нема да влезат во конечните анализи заради неисполнување на критериумот, во понатамошна обработка влегоа само оние испитаници кои на скалите за социоемоционално врзување со родителите и социемоцинално врзување со врсниците добија скорови кои укажуваат на сигурно или несигурно врзување со родителите и сигурно или несигурно врзување со врсниците, занемарувајќи голем дел од примерокот кој би припаднал на другите категории на социоемоционално врзување зависно од скоровите на трите компоненти: комуникација, алиенација и доверба.

Недобивањето статистичка значајност во разликите, покрај недоволниот број на испитаници, можеби се должи и на тоа што постојат значајни разлики во социоемоционалното врзување посебно со мајката и таткото. На пример, скорот за социоемоционално врзување со мајката - кој инаку би покажал значајна поврзаност со скорот за чувството на осаменост - не покажува ваква значајност заради скорот на социемоционално врзување со таткото, или обратно. Во идните истражувања за оваа цел може да се користи ревидираната верзија на IPPA прашалникот кој дава три различни скора: скор за социоемоционално врзување со мајката, социоемоционално врзување со таткото и социоемоционално врзување со врсниците.

Иако е евидентна важноста на социоемоционалното врзување со врсниците во однос на чувството на осаменост кај адолесцентите на овој примерок (график2), таа значајност не е статистички покажана. Бидејќи во минатите истражувања е покажана значајноста на односот на родителите кон врсничките релации, а токму во овој период врсничките релации стануваат централни а релациите со родителите иако доаѓаат во втор план остануваат важни, сметам дека побогати информации би

се добиле доколку се прошири контекстот и се испита ставот на родителите кон врсниците, степенот во кој и дали ги подржуваат врсничките релации и сл.

За да се добие поцелосна слика на социјалниот контекст на адолесцентите и поврзаноста со чувството на осаменоста, особено во училишниот контекст, потребно е да се испита и односот со наставниците, со оглед на тоа што во минатите истражувања релацијата наставник-ученик покажала значајни разлики во чувството на осаменост, особено за девојчињата.

И конечно, за да се разбере чувството на осаменост во адолесценцијата и нејзината поврзаност со социоемоционалното врзување со родителите и врсниците, потребно е да се испитаат и искуствата и релациите и во пораното детство.

Литература


1. Ahmed., S. (2012). Sigmund Freud's psychoanalytic theory Oedipuscomplex: A critical study with reference to D. H. Lawrence's "Sons and Lovers" Internal journal of English and literature Vol. 3(3), pp. 60-70 DOI: 10.5897/IJEL11.137

2. Ainsworth, M. D. S. (1973). The development of infant-mother attachment. Review of *child development research 3,* 1-94 (Презмено од http://dx.doi.org/10.1037/0012-1649.28.5.759)

3. Al Khatib, S. A. (2012). Exploring the Relationship among Loneliness, Self-esteem, Selfefficacy and Gender in United Arab Emirates College Students. *Europe's Journal of Psychology*, *8*, 1, 159-181, doi:10.5964/ejop.v8i1.301

4.Allen,J.P. & Manning, N. (2007). From Safety to Affect Regulation: Attachment from the Vantage Point of Adolescence. *New Directions for Child Adolescent Development 117,* 23–39. DOI: 10.1002/cd.192

5.American Psychological Association (2002). Developing Adolescents: A Reference for Professionals: Washington, DC

6.Ammaniti, M., van IJzendoorn, MH., Speranza, AM., Tambelli, R. (2000). Internal working models of attachment during late childhood and early adolescence: An exploration of stability and change. Attachment & Human Development. 328-46. DOI: 10.1080/14616730010001587

7. Applegate, J. S., & Shapiro, J. R. (2005). Neurobiology for clinical social work: Theory and practice. New York, NY: WW Norton

8. Armsden, G. C., & Greenberg, M. T. (1987). The inventory of parent and peer attachment: Individual differences and their relationship to psychological well-being in adolescence. *Journal of Youth and Adolescence, 16,* 5, 427-454

9. Avery, W.A. (1982). Escaping Loneliness in Adolescence: The Case for Androgyny. *Journal of Youth and Adolescence, 11,* 6 DOI: 10.1007/BF01538806

10. Barrocas, A. L. (2006). Adolescent attachment to parents and peers. The Emory Center for Myth and Ritual in American Life, Working Paper, 50 (Преземено од http://ejournal.narotama.ac.id/files/barrocas%20thesisfinal.pdf)

11. Bem, S.L. (1981). *Bem Sex-Role Inventory: professional manual.* Mountain View, CA: Consulting Psychologists Press.

12. Black, K. (2009). Exploring adolescent lonlliness and companion animal attachment, (Докторска дисертација) (Преземено од http://digitalrepository.unm.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1029&context=nurs_etds

13. Blos, P. (1967). The second individuation process of adolescence. *The Psychoanalytic Study of the Child.* 22, 162–186. (Преземено од https://www.ncbi.nlm.nih.gov/labs/articles/5590064/)

14. Bogaerts, S., Vanheule, S., & Desmet, M. (2006). Feelings of Subjective Emotional Loneliness: *An Exploration of Attachment. Social Behavior and Personality, 2006,* 34, 7, 797-812 (Преземено од https://doi.org/10.2224/sbp.2006.34.7.797)

15. Boone, T. L., & Lefkowitz, E. S. (2007). Mother-adolescent health communication: Are all conversations created equally? *Journal of Youth and Adolescence, 36,* 1038-1047.

16. Borys, S. & Perlman, D. (1985). Gender Differences in Loneliness. *Personality and Social Psychology Bulletin 11, 63* DOI: 10.1177/0146167285111006

17. Bowlby, J. (1958). The Nature of the Childs Tie to His Mother. *International Journal of Psychoanalysis, 39,* 350-371.

18. . Bowlby, J. (1969). Attachment. Attachment and Loss: Vol. 1. Loss. (преземено од http://www.abebe.org.br/wp-content/uploads/John-Bowlby-Attachment-Second-Edition-Attachment-and-Loss-Series-Vol-1-1983.pdf)

19. Brage, D., Meredith, W. (1994). A causal model of adolescent depression. *Journal of Psychology, 128,* 4, 455-68. DOI: 10.1080/00223980.1994.9712752

20. Carter, M.A. (2000). *Abiding Loneliness.* Park Ridge Center for Health, Faith, And Ethics (Презенено од http://philosophicalsociety.com/Archives/Park%20Ridge%20Center%20Essay.htm

21. Cohn, D. A. (1990). Child-mother attachment of six-year-olds and social competence at school. *Child Development, 61,* 152-162. DOI: 10.1111/j.14678624.1990.tb02768.xView

22. Collins, W. A., & Repinski, D. J. (1994). Relationships during adolescence: Continuity and change in interpersonal perspective: Personal relationships during adolescence. In R. Montemayor, G. Adams, & T. Gullotta (Eds.), *Advances in adolescent development: Personal relationships during adolescence.* 5, 7-36. Beverly Hills, CA: Sage.

23.Constantinople, A. (1973). Masculinity-femininity: An exception to a famous dictum? *Psychological Bulletin, 80,* 389-407 DOI: 10.1037/h0035334

24. Cramer, M.K.., & Neyedley, A.,K. (1998). Sex Differences in Loneliness: The Role of Masculinity and Femininity. Sex Roles, 38, 7/8, 645-653 DOI:10.1023/A:1018850711372

25. Čubela, V.A., i Nekić, M. (2004). Zbirka psihologijskih skala i upitnika. Во: Proroković A, Lacković-Grgin, K., Čubela, V. A., i Perezić, Z. (Ured.), Sveučlište u Zadru

26. Demirli, A. & Demir, A. (2014). The Role of Gender, Attachment Dimensions, and Family Environment on Loneliness Among Turkish University Students. Australian *Journal of Guidance and Counselling 24,* 1. 62–75.

DOI: https://doi.org/10.1017/jgc.2013.11

27. DeMulder, E. K., Denham, S., Schmidt, M., & Mitchell, J. (2000). Q-sort assessment of attachment security during the preschool years: Links from home to school. *Developmental Psychology, 36, 2,* 274-282 (Презенено од: http://dx.doi.org/10.1037/0012-1649.36.2.274)

28. DiTommaso, E., & Spinner, B. (1993). The development and initial validation of the Social and Emotional Loneliness Scale for Adults (SELSA). *Personality and Individual Differences, 14, 127-134.* DOI: 10.1016/0191-8869(93)90182-3

29. Dollard J., & Miller, N. E.(1950). *Personality and psychotherapy*. New York: McGraw-Hill (Преземено од www.amazon.com)

30. Domagala-Zysk, E. (2006). The significance of adolescents' relationships with significant others and school failure. *School Psychology International*, 27, 232-247

31. Dykas, Matthew J., Cassidy, Jude (2007) Attachment and the processing of social information in adolescence. *New Directions For Child And Adolescent Development* 41-56 DOI: 10.1002/cd.193

32. Elicker, J., Englund, M., & Sroufe, L. A. (1992). Predicting peer competence and peer relationships in childhood from early parent-child relationships. In R. Parke & G. Ladd (Eds.). *Family-peer relationships: Modes of linkage* 77-106. Hillsdale, NJ: Erlbaum

33. Erikson, E. (1968). *Identity: Youth and crisis*. New York: W. W. Norton & Company.

34. Erozkan, A. (2011). The attachment styles bases of loneliness and depression. *International Journal of Psychology and Counselling 3, 9*, 186-193, DOI: 10.5897/IJPC11.032

35. Eslea, M., Menesini, E., Morita, Y., O'Moore, M., Mora-Merchan, J. A., Pereira, B., et al. (2004). Friendship and loneliness among bullies and victims: Data from seven countries. *Aggressive Behavior, 30*, 71-83. DOI: 10.1002/ab.20006

36. Fischer, J. & Anderson, N.V. (2012) Gender Role Attitudes and Characteristics of Stay-at-Home and Employed Fathers. *Psychology of Men & Masculinity 13*, 1, 16 –31 DOI: 10.1037/a0024359

37. Green, L.R., Richardson, D.S., Lago, T., & Schatten-Jones, E.C. (2001) Network Correlates of Social and Emotional Loneliness in Young and Older Adults. *Personality and Social Psychology Bulletin 27* 281-288 DOI: 10.1177/0146167201273002

38. Harlow, H. F. & Zimmermann, R. R. (1958). The development of affective responsiveness in infant monkeys. *Proceedings of the American Philosophical Society, 102*, 501 -509.

39. Hart, D. & Carlo, G.(2005). Moral Development in Adolescence. *Journal of Research on Adolescence, 15, 3,* 223–233 DOI:10.1111/j.1532-7795.2005.00094.x

40. Harter, S. (1990). Developmental differences in the nature of self-representations: Implications for the understanding and treatment of maladaptive behaviors. *Cognitive Therapy and Research, 14,* 113-142. DOI: 10.1007/BF01176205

41. Hazan, C., & Shaver, P. (1987) Romantic love conceptualized as an attachment process. *Journal of Personality and Social Psychology, 52, 3,* 511-524. (Преземено од: http://dx.doi.org/10.1037/0022-3514.52.3.511)

42. Hazan, C., & Zeifman, D. (1999). Pair bonds as attachments: Evaluating the evidence. In J. Cassidy & P. Shaver (Eds.), *Handbook of attachment: Theory, research and clinical implications* 336-354. New York: Guilford Press.

43. Heinrich, L. A., & Gullone, E. (2006). The clinical significance of loneliness: A literature review. *Clinical Psychology Review, 26,* 695-718.

DOI: 10.1016/j.cpr.2006.04.002

44. Hematian, M., Mirpanahi, A., Behbahani. A. N., (2016). The Effect of Parental Style and Peer Relations in Classroom on Feeling Loneliness among Deaf Students in Qazvin Schools. *South Journal of Educational Psychology and Counseling (*превземено од http://southjournals.com/ojs-2.4.5/index.php/sjepc/article/view/35)

45. Hesse, E., and Main, M. (2000). Disorganized infant, child and adult attachment:: Collapse in behavioral and attentional strategies. *Journal of the American Psychoanalytic Association, 48,* 4, 1097-1127. doi.org/10.1177/00030651000480041101

46. Hojat M. (1982) Loneliness as a function of selected personality variables. *Journal of Clinical Psychology, 38, 1* DOI: 10.1002/1097-4679(198201)38:1<137::AID-JCLP2270380122>3.0.CO;2-2

47. ИЗВЕШТАЈ во сенка за имплементација на Националната стратегија за родова еднаквост во 2015 година. - Скопје : Реактор - Истражување во акција, 2017. - 123 стр. : табели ; 25 см On-line публикација]. достапна на: http://www.reactor.org.mk/CMS/Files/Publications/Documents/Izvestaj vo senka 2015 - MK - web.pdf

48. Keating, D. P. (1990). Adolescent thinking. In G. R. Elliott & S. S. Feldman (Eds.). *At the threshold: the developing adolescent* 54–89. Cambridge, MA: Harvard University Press DOI:10.4074/S0013754512003035

49. Kerns, K. A. (1994). A developmental model of the relations between mother-child attachment and friendship. In R. Erber & R. Gilmour (Eds.). *Theoretical frameworks for personal relationships* 129-156. Hillsdale, England: Lawrence Erlbaum Associates.

50. Killen, C (1998). Loneliness: an epidemic in modern society. *Journal of Advanced Nursing, 28, 4* 762-770. DOI: 10.1046/j.1365-2648.1998.00703.x

51. Kingery, N., Erdley, C., and Marshall, Katherine C. (2011). Peer Acceptance and Friendship as Predictors of Early Adolescents' Adjustment Across the Middle School Transition. . Psychology Faculty Scholarship. Paper 4. Достапно на http://digitalcommons.library.umaine.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1004&context=psy_facpub

52. Kipke, M. D. (1999). Adolescent Development and Biology of Puberty. Summary of a workshop on new research. (Преземено од https://www.nap.edu/read/9634/chapter/1)

53. Kobak R. R. & Sceery, A. (1998). Attachment in Late Adolescence: Working Models, Affect Regulation, and Representations of Self and Others. *Child Development, 59, 1, 135-146* DOI:10.2307/1130395

54. Koenig, L. J.; Isaacs, Ann M.; Schwartz, Jennifer A. J. (1994). Sex differences in adolescent depression and loneliness: Why are boys lonelier if girls are more depressed? *Journal of Research in Personality, 28, 1,* 27-43. (Преземено од: http://dx.doi.org/10.1006/jrpe.1994.1004)

55. Laible, D.J., Carlo, G. & Raffaelli, M. (2000). The Differential Relations of Parent and Peer Attachment to Adolescent Adjustmen. *Journal of Youth and Adolescence 29,* 45-59 DOI:10.1023/A:1005169004882

56. Lau, S. & Gruen, G.E. (1992). The Social Stigma of Loneliness: Effect of Target Person's and Perceiver's Sex. *Personality and Social Psychology Bulletin 18,* 182-189

57. Le Roux, C., M. (2009). Effect of a companion dog on depression and anxiety levels of elderly residents in a long-term care facility. *Psychogeriatrics, 9,* 23–26 DOI: 10.1111/j.1479-8301.2009.00268.x

58. Lohre, A., et al. (2014). A two-year perspective: who may ease the burden of girls' loneliness in school?. *Child and Adolescent Psychiatry and Mental Health 2014, 8, 10,* 1-8 DOI: 10.1186/1753-2000-8-10

59. Mahon, E., N.; Yarcheski, A. & Yarcheski, J., T. (1994). Differences in Social Support and Loneliness in Adolescents According to Developmental Stage and Gender. *Public Health Nursing 11,* 5, 361-368 DOI: 10.1111/j.1525-1446.1994.tb00199.x

60. Mahon, N. E., Yarcheski, A., Yarcheski, T. J., Cannella, B. L., & Hanks, M. M. (2006). A metaanalytic study of predictors for loneliness during adolescence. *Nursing Research,* 55, 308-315. DOI :10.1097/00006199-200609000-00003

61. Mandler, J.M. (1990). *Recall of Events by Preverbal Children.* DOI 10.1111/j.1749-6632.1990.tb48907.x

62. Marcia, J. E. (1966). Development and validation of ego identity status. *Journal of Personality and Social Psychology 3,* 551-558 DOI: 10.1037/h0023281

63. Marcoen, A., Goossens, L. & Caes, P. (1987). Loneliness in Pre-Through Late Adolescence:Exploring the Contributions of a Multidimensional Approach. *Journal of Youth and Adolescence 16, 6,* 16: 561-577 doi:10.1007/BF02138821

64. Massad, M.C. (1981). Sex Role Identity and Adjustment during Adolescence. *Child Development, 52, 4,* 1290-1298 doi:10.2307/1129518

65. McLeod, S. A. (2013). Kohlberg. (Преземено од www.simplypsychology.org/piaget-moral.html)

66. McLeod, S. A. (2015). Piaget's Theory of Moral Development. (Преземено од www.simplypsychology.org/piaget-moral.html)

67. McNemar, Q.(1969). Psychological Statistics. John Wiley and Sons, New York

68. Medved, A. (2011) .Usamljenosrt u ranoj adolscenciji: Spoljne I dobne razlike te povezanost sa socijalnim odnosima. *Društvena istraživanja : časopis za opća društvena pitanja, 20,2* 457-478 DOI: 10.5559/di.20.2.09

69. Moitra, T., & Mukherjee, I. (2012). Parent – Adolescent Communication and Delinquency: A Comparative study in Kolkata, India. *Europe's Journal of Psychology, 8,* 1, 74-94 doi:10.5964/ejop.v8i1.299

70. Nekič, M. (2006). Socijalna i emocionalna usamljenost u adolescenciji: Uloga osobina ličnosti, privrženosti, socijalnih zaliha i socijalnih strategija. Magisterske radnje, Filozofski fakultet, Zadar.

71. Nickerson, A. B., & Nagle, R. J. (2005). Parent and peer attachment in late childhood and early adolescence. *Journal of Early Adolescence, 25,* 2, 223–249. http://dx.doi.org/10.1177/0272431604274174

72. Noller, P., & Patton, W. (1990). Maintaining family relationships at adolescence. In P. Heaven & V. Callan (Eds.), Adolescence: An Australian perspective 53-56

73. Noller, P., Feeney, J., & Peterson, C. (2001). *Personal relationships across the lifespan.*Psychology Press, London

74. Parker, J. G., & Asher, S. R. (1993). Friendship and friendship quality in middle childhood: Links with peer group acceptance and feelings of loneliness and social dissatisfaction. *Developmental Psychology, 29, 4,* 611-621. http://dx.doi.org/10.1037/0012-1649.29.4.611

75. Peplau, L. A., & Perlman, D. (1982). Perspectives on loneliness. In L. A. Peplau & D. Perlman (Eds.). *Loneliness: A sourcebook of current theory, research, and therapy,* 13–45. (Презeмено од http://www.peplaulab.ucla.edu/Peplau_Lab/Publications_files/Perlman%20%26%20Peplau%2084.pdf)

76. Pollack, W. S. & Shuster, T. (2000). Real boys' voices. Professional Psychology: Research and Practice, 37, 2, 190 –195 DOI: 10.1037/0735-7028.37.2.190

77. Raja, N., McGee, R. & Stanton, W.R. (1992). Perceived attachments to parents and peers and psychological well-being in adolescence. *Stanton Journal of Youth and Adolescence, 21,* 4, DOI: 10.1007/BF01537898

78. Rigby, K., Slee, P.T.,& Martin, G.(2007). Implications of inadequate parental bonding and peer victimization for adolescent mental health. *Journal of Adolescence. 30,* 5, 801-12. DOI: 10.1016/j.adolescence.2006.09.008

79. Robinson, A.J.& Rogstad, K. (1995). Adolescence: a time of risk taking. Sex Transm Infect 78, 314-315 (Преземено од: http://dx.doi.org/10.1136/sti.78.5.314)

80. Rokach, A. (2001). Strategies of coping with loneliness throughout the lifespan. *Current Psychology, 20, 3-18* doi:10.1007/s12144-001-1000-9

81. Rook, S. K. (1984). The Negative Side of Social Interaction: Impact on Psychological Well-Being. *Journal of Personality and Social Psychology 46, 5,* 1097-1108; DOI: 10.1037/0022-3514.46.5.1097

82. Rubin, K.H., Bukowski, W., Parker, J., & Bowker, J.C. (2008). Peer interactions, relationships, and groups. In: Damon, W. & Lerner, R. (Eds.). *Developmental Psychology: An Advanced Course* 141-180

83. Schwarz, J.C. & Williams, B.E. (1986) Sex Roles 15, 569-584 doi:10.1007/BF00288215

84. Selvaraj, N. (2015) Parent communication and adolescent loneliness. *Indian Journal of Applied Research 5, 8,* 161- 164 (преземено од

https://www.worldwidejournals.com/indian-journal-of-applied-research-(IJAR)/file.php?val=August_2015_1443529416__44.pdf)

85. Steinberg, L., & Morris, A.S. (2001). Adolescent development. *Annual Review of Psychology, 1,* 52:83–110 doi: 10.1146/annurev.psych.52.1.83

86. Stets, Jan E. & Burke, Peter J. (2003). A sociological approach to self and identity. In: Leary, M.R. & Tangney, J.P. (Eds.). *Handbook of Self and Identity*. Guilford Press. (Презeмено од https://pdfs.semanticscholar.org/b6a3/3134c18536f4fb36d95db050ec43d871cde7.pdf)

87. Sullivan, H.S. (1953). *The interpersonal theory of psychiatry*. New York: Norton.

88. Tangney, J. P. & Dearing, R. L. (2002). Shame and guilt. New York: Guilford Press.

89. Taylor, M., & Hall, J. (1982). Psychological androgyny: Theories, methods and conclusions. *Psychological Bulletin, 92,* 347-366. (Преземено од: http://dx.doi.org/10.1037/0033-2909.92.2.347)

90. Terman,M.L. & Miles, C. (1936). Sex And Personality Studies In Masculinity And Femininity. Превземено од https://archive.org/details/sexandpersonalit007952mbp

91. Vanhalst, J., Klimstra, T. A., Luyckx, K., Scholte, R. H. J., Engels, R. C. M. E., & Goossens, L.(2012). The interplay between loneliness and depressive symptoms across adolescence: Exploring the role of personality traits. *Journal of Youth and Adolescence, 41,* 776-787. DOI: 10.1007/s10964-011-9726-7

92. Walsh, F., & Scheinkman, M. (1993). The family context of adolescence. In: Tolan, P.H. & Cohler, B. J. (Eds.). *Handbook of Clinical Research and Practice with Adolescents,* 149-171 DOI: 10.1111/j.1741-6248.1994.00175.

93. Weeks, M. S., & Asher, S. R. (2012). Loneliness in childhood: Toward the next generation of assessment and research. *Advances in Child Development and Behavior, 42,* 1–39. DOI:10.1016/B978-0-12-394388-0.00001-0

94. Weiss, Robert S. (1973) Loneliness: The experience of emotional and social isolation. Cambridge, MA, US: The MIT Press

95. Wheeler, L., Reis, H. & Nezlek. J.(1983). Loneliness, social interaction, and sex roles. *Journal of Personality and Social Psychology 45,* 4, 943-53 DOI: 10.1037/0022-3514.45.4.943

96. Wiseman, H., Guttfreund, G.D. & Lurie, I. (1995). Gender differences in loneliness and depression of university students seeking counselling. *British Journal of Guidance & Counselling, 23,* 2, 231-243, DOI: 10.1080/03069889508253008

97. Younis J. & Smollar, J. (1985). *Adolescents' relationships with mothers, fathers and friends.* Chicago, Illinois: University of Chicago Press.

98. Zimmerman, Marc A.; Copeland, Laurel A.; Shope, Jean T.; Dielman, T. E.; (1997). A Longitudinal Study of Self-Esteem: Implications for Adolescent Development. *Journal of Youth and Adolescence 26,* 2, 117-141. DOI:http://dx.doi.org/10.1023/A:1024596313925

99. ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2016 = Women and men in the Republic of Macedonia, 2016. - Скопје : Државен завод за статистика на Република Македонија = Skopje : State statistical office of the Republic of Macedonia, 2016. - 97 стр. : табели ; 18 см On-line публикација]. достапна на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/Gender2016.pdf

## Прилози

Прилог 1

<u>UCLA- скала на осаменост</u>

УПАТСТВО: Следните тврдења опишуваат како се чувствуваат луѓето понекогаш. За секое тврдење означи колку често се чувствуваш на наведениот начин така што ќе заокружиш еден од понудените броеви кои се наоѓаат покрај секое тврдење. Значењето на броевите е следно:

1-никогаш 2-ретко 3-понекогаш 4-секогаш

1.Колку често чувствуваш дека си на иста "бранова должина" со луѓето околу тебе?

1 2 3 4

2.Колку често чувствуваш дека ти недостасува друштво од други?

1 2 3 4

3.Колку често чувствуваш дека немаш никој кому би можел да се обратиш?

1 2 3 4

4.Колку често се чувствуваш сам/сама?

1 2 3 4

5.Колку често сметаш дека си дел од групата пријатели?

1 2 3 4

6.Колку често чувствуваш дека имаш доволно заедничко со луѓето околу тебе?

1 2 3 4

7.Колку често чувствуваш дека веќе не си близок/ска со никого?

1 2 3 4

8.Колку често чувствуваш дека другите не ги споделуваат твоите интереси и идеи?

1 2 3 4

9.Колку често се чувствуваш отворено и пријателски?

1 2 3 4

10.Колку често се чувствуваш близок/ска со луѓето?

1 2 3 4

11.Колку често се чувствуваш запоставено?

1 2 3 4

12.Колку често чувствуваш дека твоите врски со другите немаат смисла?

1 2 3 4

13.Колку често чувствуваш дека тебе всушност никој вистински не те познава?

1 2 3 4

14.Колку често се чувствуваш изолиран/а од другите?

1 2 3 4

15.Колку често чувствуваш дека можеш да најдеш друштво кога ке посакаш?

1 2 3 4

16.Колку често чувствуваш дека постојат луѓе кои вистински те разбираат?

1 2 3 4

17.Колку често се чувствуваш срамежливо?

1 2 3 4

18.Колку често чувствуваш дека луѓето се околу тебе, но не и со тебе?

1 2 3 4

19.Колку често чувствуваш дека има луѓе со кои можеш да разговараш?

1 2 3 4

20.Колку често чувствуваш дека има луѓе на кои можеш да им се обратиш кога ти е потребно?

1 2 3 4

Прилог 2

ACL Masculinity and Femininity Scale Items – адаптирана верзија

Од наведените особини, одреди во кој степен секоја од нив се однесува на тебе, каде што 1 значи во најмал степен, 4 во најголем степен.

| | |
|---|---|
| 1.Агресивен/на | 1 2 3 4 |
| 2.Арогантен/на | 1 2 3 4 |
| 3.Асертивен/на | 1 2 3 4 |
| 4.Автократен/автократна | 1 2 3 4 |
| 5.Вообразен/ вообразена | 1 2 3 4 |
| 6.Доверлив/а | 1 2 3 4 |
| 7.Циничен/на | 1 2 3 4 |
| 8.Одмерен/на | 1 2 3 4 |
| 9.Доминантен/на | 1 2 3 4 |
| 10.Иницијативен/на | 1 2 3 4 |
| 11.Моќен/Убедлив | 1 2 3 4 |
| 12.Способен/ способен да предвиди | 1 2 3 4 |
| 13.Искрен/а; директен/а | 1 2 3 4 |
| 14.Згоден/на | 1 2 3 4 |
| 15.Тврдоглав/а | 1 2 3 4 |
| 16.Вреден/на | 1 2 3 4 |
| 17.Досетлив/а | 1 2 3 4 |
| 18.Креативен/а | 1 2 3 4 |
| 19.Мажествен/на | 1 2 3 4 |

| | |
|---|---|
| 20.Користољубив/а | 1 2 3 4 |
| 21.Немам влакна на јазикот | 1 2 3 4 |
| 22.Самоуверен/а | 1 2 3 4 |
| 23.Остроумен/остроумна | 1 2 3 4 |
| 24.Лукав/а | 1 2 3 4 |
| 25.Груб/а | 1 2 3 4 |
| 26.Одмаздољубив | 1 2 3 4 |

| | |
|---|---|
| 1.Благодарен/Благодарна | 1 2 3 4 |
| 2. Обзирен/обзирна | 1 2 3 4 |
| 3. Задоволен/ задоволна | 1 2 3 4 |
| 4. Кооперативен/на | 1 2 3 4 |
| 5. Зависен/на | 1 2 3 4 |
| 6. Емотивен/на | 1 2 3 4 |
| 7. Раздразлив/а | 1 2 3 4 |
| 8. Плашлив/а | 1 2 3 4 |
| 9. Женствен/а | 1 2 3 4 |
| 10. Променлив/а | 1 2 3 4 |
| 11. Милостив/а | 1 2 3 4 |
| 12. Дружељубив/а | 1 2 3 4 |
| 13. Несериозен/на | 1 2 3 4 |
| 14. Услужлива | 1 2 3 4 |
| 15. Безгрижен/на | 1 2 3 4 |
| 16. Скромен/на | 1 2 3 4 |
| 17. Им ласкам на другите | 1 2 3 4 |
| 18. Чувствителен/на ; лесно навредлив | 1 2 3 4 |
| 19.Емотивен/на | 1 2 3 4 |
| 20. Искрен | 1 2 3 4 |
| 21. Попустлив/а | 1 2 3 4 |
| 22. Сочуствителен/на | 1 2 3 4 |

| | |
|---|---|
| 23. Зборлест/а | 1 2 3 4 |
| 24. Срамежлив/а | 1 2 3 4 |
| 25. Топол/топла ; мил/мила | 1 2 3 4 |
| 26. Загрижен/а | 1 2 3 4 |

Прилог 3

IPPA – Инвентар за социоемоционално врзување со родителите и врсниците

Прочитајте ги сите тврдења, и заокружете го бројот пред тврдењето кое најмногу ви одговара.

1- Речиси никогаш или никогаш
2- Не многу често
3- Понекогаш
4- Често
5- Речиси секогаш или секогаш

Скала за родителите

1.Моите родители ги почитуваат моите чувства

1 2 3 4 5

2.Моите родители се добри родители.

1 2 3 4 5

3.Би сакал/а да имав поинакви родители.

1 2 3 4 5

4.Моите родители ме прифаќаат каков/каква што сум.

1 2 3 4 5

5. Не можам да сметам на помошта на моите родители во решавањето на некој проблем.

1 2 3 4 5

6. Барам мислење од родителите за нештата што ме загрижуваат.

1 2 3 4 5

7. Не помага да покажувам чувства кога сум вознемирен.

1 2 3 4 5

8. Моите родители знаат кога сум вознемирен поради нешто.

1 2 3 4 5

9. Кога зборувам за моите проблеми со родителите, се чувствувам будалесто односно засрамено.

1 2 3 4 5

10. Моите родители очекуваат премногу од мене.

1 2 3 4 5

11. Дома се вознемирувам лесно.

1 2 3 4 5

12. Се вознемирувам многу повеќе отколку што знаат моите родители.

1 2 3 4 5

13. Кога зборувам за нешто со моите родители,тие го сослушуваат моето мислење.

1 2 3 4 5

14. Моите родители го сослушувааат моето мислење.

1 2 3 4 5

15. Моите родители си имаат нивни проблеми, затоа не им додевам со моите.

1 2 3 4 5

16. Родителите ми помагаат подобро да се разберам себе си.

1 2 3 4 5

17. На родителите им ги кажувам моите проблеми и неволји.

1 2 3 4 5

18. Моите родители ме раздразнуваат.

1 2 3 4 5

19. Дома не ми обрнуваат кој знае колкаво внимание.

1 2 3 4 5

20. Родителите ме охрабруваат да зборувам за моите грижи.

1 2 3 4 5

21. Моите родители имаат разбирање за мене.

1 2 3 4 5

22. Не знам врз кого можам да се потпрам.

1 2 3 4 5

23. Кога нешто ќе ме разлути, моите родители се обидуваат да сфатат.

1 2 3 4 5

24. Им верувам на моите родители.

1 2 3 4 5

25. Моите родители не ги сфаќаат моите проблеми.

1 2 3 4 5

26. Кога ми треба да зборувам за некој проблем, можам да сметам на моите родители.

1 2 3 4 5

27. Мене никој не ме разбира.

1 2 3 4 5

28. Штом дознаат дека нешто ме вознемирило, моите родители ме прашуваат што било тоа.

1 2 3 4 5

Скала за врсници

1.Сакам да го сослушам мислењето на пријателите за нешто што ме загрижува.

1 2 3 4 5

2.Моите пријатели знаат кога нешто ќе ме вознемири.

1 2 3 4 5

3.Кога зборуваме, моите пријатели го сослушуваат моето мислење.

1 2 3 4 5

4.Кога зборувам за моите проблеми со пријателите, се чувствувам будалесто односно засрамено.

1 2 3 4 5

5.Би сакал/а да имав поинакви пријатели.

1 2 3 4 5

6.Моите пријатели ме разбираат.

1 2 3 4 5

7.Моите пријатели ме охрабруваат да зборувам за моите грижи.

1 2 3 4 5

8.Моите пријатели ме прифаќаат каков/каква што сум.

1 2 3 4 5

9.Имам потреба почесто да сум со пријателите.

1 2 3 4 5

10.Моите пријатели не ги разбираат моите проблеми.

1 2 3 4 5

11.Кога сум со пријателите, немам чувство дека му припаѓам на тој круг луѓе.

1 2 3 4 5

12.Моите пријатели слушаат што имам да кажам.

1 2 3 4 5

13. Моите пријатели се добри другари.

1 2 3 4 5

14. Прилично е лесно да се зборува со моите пријатели.

1 2 3 4 5

15. Кога нешто ќе ме разлути, моите пријатели се обидуваат да сфатат.

1 2 3 4 5

16. Пријателите ми помагаат подобро да се разберам себе си.

1 2 3 4 5

17. Моите пријателите се грижат за тоа како се чувствувам.

1 2 3 4 5

18. Моите пријатели ме разлутуваат.

1 2 3 4 5

19. Кога нешто ме вознемирува, не можам да сметам дека пријателите ќе ме сослушаат.

1 2 3 4 5

20. Им верувам на моите пријатели.

1 2 3 4 5

21. Моите пријатели ги почитуваат моите чувства.

1 2 3 4 5

22. Се вознемирувам многу повеќе отколку што знаат моите пријатели.

1 2 3 4 5

23. Без причина ги раздразнувам моите пријатели .

1 2 3 4 5

24. На пријателите им кажувам за моите проблеми и неволји.

1 2 3 4 5

25. Штом дознаат дека нешто ме вознемирило, пријателите ме прашуваат што било тоа.

1 2 3 4 5